МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 17 Година XVIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, октомври 2024

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7175/1**
**Датум:09.10.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.17/2023), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2024 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.17/2023), во точка II. Проектни активности и во точка III. Финансирање, се врши изменување и дополнување во следните точки и на следниот начин:

- во точка 1.1. Јавна чистота и хигиена,
- во точка 1.3.1. Одржување на урбаната опрема,
- во точка 2.1.1. Замена на постојните светилки со штедливи ЛЕД светилки на територијата на Општина Карпош,
- во точка 2.1.2. Изградба на нови системи на јавно осветлување,
- во точка 2.2. Активности од областа на енергетската ефикасност.

II. Во точката 1.1. **Јавна чистота и хигиена**, во делот „Опис на активности“, износот на ставката “Набавка на приколка за транспорт на машините на локации во Карпош” предвидениот износ од “200.000,00 денари” се заменува со износот “300.000,00 денари”,

Во истата точка текстот “Набавка на сервисно возило со хидраулична корпа” со износ од “2.000.000,00 денари”, се заменува со текстот “Набавка на товарно возило со хидраулична преса за подигање и транспорт на гранки и лисја” со износ од “4.500.000,00 денари”,

Во истата точка износот на ставката “Набавка на резервни делови и друг материјал за одржување на машините за косење трева” предвидениот износ од “800.000,00 денари” се заменува со износ од “1.100.000,00 денари”,

Со тоа, во точката 1.1. Јавна чистота и хигиена, во делот „Предвидена финансиска рамка“ износот “44.350.000,00 денари” се заменува со износ од “47.250.000,00 денари”,

Во точката 1.3.1. **Одржување на урбаната опрема**, во делот “Предвидена финансиска рамка” предвидениот износот “7.000.000,00 денари” се заменува со износ од “10.000.000,00 денари”,

Во точка 2.1.1. **Замена на постоечките светилки со штедливи ЛЕД светилки на територијата на Општина Карпош**, предвидениот износот “40.000.000,00 денари” се заменува со износот “42.000.000,00 денари”.

Во истата точка, кај ставката “Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување”, предвидениот износ “4.000.00,00 денари” се заменува со износ од “8.000.000,00 денари”,

Со тоа, во делот “Предвидена финансиска рамка” предвидениот износ од “58.000.000,00 денари (44.000.000,00 денари и 14.000.000,00 денари за сметки за потрошена електрична енергија)” се заменува со износ од “64.000.000,00 денари (50.000.000,00 денари и 14.000.000,00 денари за сметки за потрошена електрична енергија)”.

Во точката 2.1.2. **Изградба на нови системи на јавно осветлување**, во делот “Ново јавно осветлување” текстот “Во 2024 година се планира поставување на ново улично осветлување на повеќе локации, меѓу кои се дворот на салата Партизан во Карпош 4, дел од улица Сливовска во Влае 2, паркинг и околина на Лондонска 10 во Тафталиџе 2, улица Борка Талески во УЗ В. Тасевски, како и други локации во урбаните заедници Бардовци, Карпош 2, Влае 1 и Пецо Божиновски – Кочо” **се заменува со текстот:** “Во 2024 година се планира поставување на ново улично осветлување на повеќе локации, меѓу кои се дворот на салата Партизан во Карпош 4, дел од улица Сливовска во Влае 2, паркинг и околина на Лондонска 10 во Тафталиџе 2, улица Борка Талески во УЗ В. Тасевски, како и други локации во урбаните заедници Бардовци, Карпош 2, Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо, Карпош 3, Кузман Јосифоски – Питу и Нерези”, а во делот “Предвидена финансиска рамка” предвидениот износ од “7.500.000,00 денари” се заменува со износ од “10.000.000,00 денари”.

Во точката 2.2. **Активности од областа на енергетската ефикасност**, се додава подточка 10. Изработка на проектна документација за поставување на систем со фотоволтаици за сите објекти на детските градинки која гласи:

10. “Општината Карпош се наоѓа во напредна фаза од процесот на поставување на фотоволтаични системи на објектите на основните училишта, односно од постоечките 10 основни училишта до крајот на тековната година во 7 училишта ќе има поставени од горенаведените системи. Со тоа, акцентот во наредниот период се префрла на објектите на детските градинки (12 објекти). Со цел квалитетна стручна подготовка на тој процес, како и евентуално аплицирање за финансиски средства кај странски и домашни

донаторски организации и институции, потребно е да се изработи проектна документација која ќе послужи за постигнување на крајната цел од оваа област, а тоа е инсталирани фотоволтаични системи во сите јавни објекти во надлежност на Општината Карпош. Вредност на инвестицијата 1.000.000,00 денари”,

Со тоа, во точката 2.2. Активности од областа на енергетската ефикасност, во делот „Предвидена финансиска рамка“ предвидениот износот “3.500.000,00 денари” се заменува со износ од “4.500.000,00 денари”.

III. Во делот Вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III. Финансирање“ предвидениот износ од „132.300.000 денари“ се заменува со износ “147.700.000 денари”.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6974/3
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.17/2023), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2024 година
## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
### Вовед

Секторот за екологија и енергетска ефикасност преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2024 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за екологија и Одделение за енергетска ефикасност. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигнување на свеста на граѓаните за заштита на животната средина во просторот на опфатот на Општината Карпош, намалување на потрошувачката на енергија и заштита на животниот стандард на граѓаните, примена на обновливи извори на енергија во замена на фосилните горива, со што како крајна цел е намалувањето на емисиите на $CO_2$ во воздухот.

## I. Развојни приоритети и цели

- Општината Карпош на својата територија ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина (екологија) и енергетската ефикасност;

- Општината треба да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди и политики, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини.

## II. Проектни активности

### 1. Одделение за екологија

Одделението за екологија своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Имплементација на ЛЕАП-от,
1.5. Субвенции и други проектни активности.

| 1.1. | Јавна чистота и хигиена |
|---|---|
| **Опис на активности:** | За одржување на јавната чистота, Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел одржување, но и подобрување на ефикасноста и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Карпош, како и до сега, и понатаму се стреми да биде најчистата општина во Скопје. Во 2024 година Општината Карпош планира да ангажира помеѓу 85 и 90 сезонски работници кои за својот ангажман ќе |

| | |
|---|---|
| | бидат исплатени од општинскиот буџет.<br>За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош ќе издвои средства за:<br>- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн),<br>37.000.000,00 денари<br>- Набавка на нова електрична машина за метење на јавните површини,<br>1.850.000,00 денари<br>(1.600.000,00 + 250.000,00 денари за кофинансирање)<br>- Набавка на приколка за транспорт на машините на локации во Карпош<br>300.000,00 денари<br>- Набавка на товарно возило со хидраулична преса за подигање и транспорт на гранки и лисја,<br>4.500.000,00 денари<br>- Набавка на ХТЗ и друга заштитна опрема,<br>800.000,00 денари<br>- Набавка на алат, материјал и друга опрема (метли, пластични канти, гребла, лопати, итн.),<br>700.000,00 денари<br>- Набавка на резервни делови и друг материјал за одржување на машините за косење трева,<br>1.100.000,00 денари<br>- Поставување и одржување на мобилни тоалети на територијата на Општина Карпош.<br>1.000.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Одржување, подобрување и унапредување на јавната хигиена во општината;<br>- Зголемување на ефикасноста во областа на јавната чистота и хигиена<br>- Подобрување на состојбата со јавните зелени површини |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | Почиста, поздрава и поубава општина |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **47.250.000,00 денари** |
| 1.2. | **Паркови, јавно зеленило и хортикултура** |
| 1.2.1. | **Одржување на постојното јавно зеленило** |
| Опис на активности: | ***Одржување и реконструкција на јавни тревни површини***<br>Оваа активност ги опфаќа постојните парковски површини, односно замена на оштетената трева со нова трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева.<br>***Одржување и полевање на младите дрвја***<br>На дрвјата кои беа насадени изминативе 2-3 години од страна на Општината Карпош, потребно им е редовно полевање и одржување, особено во летниот период. За таа цел, во текот на летото 2023 година беа ангажирани две цистерни кои ги полеваа дрвцата. Беше воведена и втора смена за оваа намена. И во следната 2024 година ќе продолжи оваа активност. Со имплементирање на овие активности се зголемува процентот на преживување на новонасадените дрвја, кој и сега се движи помеѓу 80 и 90 %.<br>***Одржување на системите за наводнување***<br>На претходно поставените на зеленилото околу Плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), на кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров, на зелените површини кај платото со фонтаната во Карпош 3, плоштадот во Бардовци, кај платото “Млечен”, во дворот на ООУ Лазо |

| | |
|---|---|
| | Трповски, зелените површини на ул. Никола Русински (кај ТЦ Лептокарија) и други локации, на ул. Иван Аговски во Карпош 1, Московска и Женевска во Тафталиџе 2, кај Воените кули во Нерези, во ТЦ Лептокарија во Карпош 3, во дворот на ООУ Петар Поп Арсов во Карпош 4 и ООУ Војдан Чернодрински во УЗ Владо Тасевски, паркот спроти хотел Карпош во УЗ Владо Тасевски, паркот помеѓу ул. Ѕоле Стојчев и ул. Желево во УЗ Карпош 4 и тревникот кај Вегера во УЗ Тафталиџе 1. Овие системи за наводнување неопходно треба да се поправаат и одржуваат, со цел споменатите зелени површини да бидат во добра состојба и функционални. |
| Стратешки насоки и цели: | Јавното зеленило за кое се грижи Општината Карпош да биде функционално и во добра состојба |
| Очекувани резултати: | Уредени јавни површини со украсно зеленило,<br>Средени тревни површини,<br>Полеани јавни зеленила,<br>Уредени дрвјата на територијата на Карпош. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **3.700.000,00 денари** |
| 1.2.2. | Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило |
| Опис на активности: | *Садење на нови листопадни и зимзелени садници*<br>Општината Карпош ќе продолжи да посветува внимание на хортикултурното уредување на зелените површини. За таа цел на определен број на локации ќе биде извршено садење на нови дрвца, поради што и финансискиот износ за овие активности е зголемен.<br>Како и претходно, така и во текот на 2024 година се |

| | |
|---|---|
| | планираат две акции на садење на дрвца, во пролетниот и есенскиот период од годината.<br>Најавени се и неколку донации од страна на општествено одговорни правни субјекти за ново зеленило и дрвца, кои се секогаш добредојдени.<br>***Хортикултурно уредување на дворната површина на спортската сала “Партизан” во Карпош 4***<br>Кон крајот на тековната 2023 година, од страна на Агенцијата за млади и спорт (АМС) беше завршена реконструкцијата на објектот на спортската сала “Партизан” во населбата Карпош 4. Истата, заедно со дворната површина ќе и биде предадена на користење и одржување на Општината Карпош, па од тие причини, освен партерно, потребно е и хортикултурно уредување на просторот. Ова подразбира низа активности, како расчистување на теренот, носење квалитетна земја, садење на трева, украсни растенија и дрвја, поставување на систем за полевање и слично. |
| Стратешки насоки и цели: | Подобрување на состојбата на јавните зелени површини |
| Очекувани резултати: | - Нови уредени зелени површини<br>- Зголемен број на дрвја во парковите |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **2.700.000,00** денари |
| 1.3. | Урбана опрема |
| 1.3.1. | Одржување на урбанаата опрема |
| Опис на активности: | ***Одржување и санација на оштетени парковски клупи за седење и корпи за отпадоци***<br>Дел од поставените клупи се оштетени од забот на |

| | |
|---|---|
| | времето и временските услови, па така неопходна е интервенција и санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).<br>Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, еден дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.<br>***Одржување на детските и спортските игралишта***<br>На територијата на Општината Карпош има голем број на детски игралишта, кои поради експлоатација на истите со тек на времето, треба да се санираат, заменуваат, бојадисуваат и слично. За жал, реквизитите на овие игралишта често се и мета на неодговорни граѓани кои најчесто во доцните вечерни часови намерно ги оштетуваат. Акцентот во 2024 година ќе биде на пофреквенто и поефикасно санирање на оштетувањата, како и замена на материјалот на најчесто оштетуваните реквизити, се разбира во рамките на финансиските можности.<br>Во врска со реквизитите на спортските игралишта, исто така ќе се врши чест мониторинг и оштетените реквизити ќе бидат санирани во најкус можен рок.<br>***Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи***<br>Се работи за реконструкција на оградите и останати браварски работи (настрешници и сл.) и нивно тековно одржување.<br>***Одржување на фонтаните и чешмичките за пиење вода***<br>Изградените пет фонтани кои се наоѓаат на плоштадот Делфина во Влае, на платото во Карпош 3, на плоштадот во Бардовци, плоштадот во УЗ П.Б.К (спроти студентски дом Гоце Делчев) и во близина на |

| | |
|---|---|
| | Адреналинскиот парк, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба. Истото се однесува и за чешмичките за пиење вода за кои е надлежна Општината Карпош, а кои честопати се поправаат поради дотраеност или вандализам. |
| Стратешки насоки и цели: | Исправна и функционална урбана опрема која ќе служи за релаксација на граѓаните |
| Очекувани резултати: | Одржувани и функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, реквизити на детски и спортски игралишта, метални огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **10.000.000,00** денари |
| 1.3.2. | Поставување на нова урбана опрема |
| Опис на активности: | *Детски игралишта*<br>Изградбата на новите игралишта со реквизити безбедни за децата се врши или на локации кои се со многу оштетени и застарени реквизити или на сосема нови локации.<br>*Клупи и корпи*<br>Поставувањето на нови клупи за седење и корпи за отпадоци исто така ќе продолжи во 2023 година, а ќе се реагира како по барање на урбаните заедници и самите граѓани, така и по увид на лице место од страна на стручните служби на Општина Карпош. |
| Стратешки насоки и цели: | Нова урбана опрема за одржливост на јавната хигиена, како и за одмор и релаксација на граѓаните |
| Очекувани резултати: | Нови функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, детски игралишта, фитнес зони, огради, |

| | |
|---|---|
| | настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **1.100.000,00 денари** |
| 1.4. | **Имплементација на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) преку годишни активности** |
| Опис на активности: | ***Изработка на ЛЕАП 3 за периодот 2024-2029 година и реализација на проектите и активностите од Акцискиот план за 2024 година.***<br>По усвојување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година, ќе следи комисиско определување на активностите за имплементација на проекти во рамките на ЛЕАП 3. Во тек се отпочнати активности за изработка на новиот ЛЕАП 3, по неговото усвојување ќе се формира Комисија за спроведување на активностите од ЛЕАП 3 и ќе изработи краток едногодишен акциски план за 2024 година со конкретни мерки и активности за реализација, кој потоа ќе биде усвоен на седница на Советот на Општина Карпош. Во тој Акциски план на годишно ниво ќе бидат определени приоритетните проекти предвидени за реализација во 2024 година.<br><br>Оперативни планирани фази на ЛЕАП 3:<br>- Изработка и спроведување на Анкетен прашалник;<br>- Определување на кординатори и членови на работни групи;<br>- Составување на соработничка листа од надворешни стручни лица и заинтересирани лица; |

| | |
|---|---|
| | - Подготовка на ЛЕАП 3 за периодот 2024-2029 година;<br>- Усвојување на ЛЕАП 3;<br>- Формирање на комисија за спроведување на ЛЕАП 3;<br>- Изработка на краток едногодишен акционен план за активности и мерки во спроведување на ЛЕАП 3 за 2024 година;<br>- Усвојување на краток едногодишен акционен план за активности и мерки во спроведување на ЛЕАП 3 за 2024 година;<br>- Реализација на активностите и мерките од Акциониот план. |
| Стратешки насоки и цели: | Карпош – еколошки просперитетна општина; здрава животна средина за сите граѓани |
| Очекувани резултати: | Имплементација на определен број на активности предвидени во ЛЕАП-от со што би се дал придонес за почиста и поздрава животна средина. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **3.000.000,00 денари** |
| 1.5. | **Субвенции и други проектни активности** |
| 1.5.1. | **Субвенционирање на купување на велосипеди и електрични тротинети за граѓаните на Карпош** |
| **Опис на активности:** | Општината Карпош планира во текот на 2024 година да ја реализира оваа проектна активност со цел да го продолжи промовирањето на користење на велосипедите и електричните тротинети како превозни средства, но и како средства за рекреација. Активноста ќе се спроведе по истиот терк како и |

| | |
|---|---|
| | досега, односно по принципот “прв дојден, прв услужен”.<br>Планирано е купувањето на нов велосипед за граѓаните на Карпош да биде субвенционирано со 30% од неговата вредност, но не повеќе од 4.500 денари, а за електричните тротинети и велосипеди исто со 30% од вредноста, но со максимален износ од 6.000 денари.<br>Со спроведувањето на оваа активност граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе изградената солидна инфраструктурна велосипедска мрежа, ќе добијат уште еден стимул за користење на алтернативни превозни средства кои не го загадуваат воздухот и животната средина. |
| Стратешки насоки и цели: | - Почиста животна средина во општината, односно помала емисија на штетни гасови;<br>- Намалување на сообраќајот;<br>- Подобрување на здравјето на граѓаните – корисници на велосипеди и електрични тротинети. |
| Очекувани резултати: | Почиста општина, поздрави граѓани |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **850.000,00 денари** |
| 1.5.2. | **Стерилизација и кастрација на улични мачки и мачори** |
| Опис на активности: | Подносител на овој проект е Здружението за заштита на животни “Феникс Петс” во соработка со Ветеринарната амбуланта “Др. Јасминка ван дер Флиер” и главната цел на истиот е ублажување на |

| | |
|---|---|
| | проблемот со големиот број на бездомни мачки во смисол на контрола и здравствена заштита.<br>Благосостојбата на бездомните животни е загрозена поради повеќе проблеми, како што се неухранетоста, болестите, повредите од сообраќајните несреќи и преку борба, а исто така животните се жртви на нехумани методи на убивање, како што е труењето со отров, електричен шок и давење и сурови методи на фаќање.<br>По безбедното фаќање и транспортирање на бездомните мачки, за нивниот третман постојат две понатамошни сценарија кои зависат од тоа во каква состојба е животното. Доколку мачката е премногу стара, агресивна или беспомошна истата се заспива, додека останатите се подложуваат на кастрирање, маркирање, прочистување од црви и нивна вакцинација пред да се пуштат. |
| Стратешки насоки и цели: | - Заштита на граѓаните од зоонози, кои ги пренесуваат мачките скитници;<br>- Намалување на агресијата од мачки во сезона на парење;<br>- Заштита на бездомните мачки, редуцирање на нивниот број и нивно трајно вдомување,<br>- Воспоставување на волонтерска служба за редовно собирање на бездомните мачки. |
| Очекувани резултати: | Третман на најмалку 150 бездомни мачки месечно и значително намалување на нивниот број во временски рок од 5 до 6 години. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска | **300.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| рамка: | |
| 1.5.3. | **Нега до вдомување на спасени бездомни животни во рамки на прифатилиштето на “Шепасти ентузијасти”** |
| **Опис на активности:** | Подносител на проектот е Здружението за заштита на животни и животна средина “Шепасти ентузијасти”. Се работи за финансиска помош која е неопходна за доизградба на боксови и одржување на прифатилиштето, кое се наоѓа во Бардовци, за што е потребен континуиран прилив на средства. Освен донатори во облик на фирми и физички лица, од 2023 година и Општината Карпош започна со помагање на функционирањето на ова прифатилиште.<br>Конечниот капацитет на прифатилиштето се планира да биде со 50 боксови со вкупен капацитет од најмалку 100 животни, а во моментов има 10 боксови со 40-50 животни. Месечниот циклус за одржување на ваков тип на организација вклучува месечен трошок за имот под наем, редовен третман против паразити, соодветна храна, како и ветеринарни прегледи при итни случаи или случаи каде животното покажува знаци на промена на здравствената состојба.<br>Финансиските средства од 300.000 денари со кои Општината Карпош планира да го помогне функционирањето на прифатилиштето ќе се употребат за покривање на дел од трошоците за храна и ветеринарни прегледи, кои во целост и на годишно ниво изнесуваат околу 760.000 денари. |

| | |
|---|---|
| Стратешки насоки и цели: | - Кревање на свеста за проблемот со бездомните животни и нивниот нехуман третман;<br>- Заштита на бездомните животни, редуцирање на нивниот број и нивно трајно вдомување;<br>- Зголемување на безбедноста преку намалување на опасноста од евентуален напад од агресивно бездомно животно. |
| Очекувани резултати: | Проширување на капацитетот и стабилно работење на прифатилиштето за бездомни животни. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **300.000,00 денари** |

2. Одделение за енергетска ефикасност

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Активности од обласа на енергетската ефикасност.

| 2.1. | Јавно осветлување |
|---|---|
| 2.1.1. | *Замена на постоечките светилки со штедливи ЛЕД светилки на територијата на Општина Карпош* |
| Опис на активности: | Со реализацијата на оваа активност се предвидува во текот на наредната 2024 година да се заменат сите натриумови светилки со нови ЛЕД светилки (над 5.000 светилки). Исто така ќе бидат заменети и 108 позиции на натриумови светилки во дворните места на училиштата, додека рефлекторите од 400W инсталирани на спортските и детските игралишта се веќе комплетно заменети (вкупно 244 позиции). |

| | |
|---|---|
| | Очекуваните заштеди на годишно ниво се 60% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки. Финансиските средства што се издвојуваат за оваа намена се во согласност со донесената Програма за развој на Општина Карпош за 2023-2025 година.<br>42.000.000,00 денари<br><br>*Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување*<br>Поради замената на светилките и воспоставување на нов автоматски систем на контрола, опрема која е предмет на одржување под гарантен рок, потребно е засилено одржување и реконструкција на останатиот дел од инсталациите, вршење на ископи за санација на дефекти, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна.<br>8.000.000,00 денари<br><br>*Такси за електрични приклучоци*<br>Во текот на тековната година Општината Карпош повремено има потреба од набавка и поставување на нови електрични броила со цел да ја одвои, односно регулира, сопствената потрошувачка на електрична енергија од други субјекти. Финансиските трошоци за таа активност се предвидени од овој дел од Програмата. |
| Стратешки насоки и цели: | - Со реализација на оваа проект се отвара простор во наредниот временски период целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во општината,<br>- Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош. |
| Очекувани резултати: | - Помала потрошувачка на електрична енергија и средства за јавно осветлување ефикасен систем и функционирање на мрежата без дефекти и застои |

| | |
|---|---|
| | безбедни улици и јавни површини за граѓаните,<br>- Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **64.000.000,00 денари** (50.000.000,00 и 14.000.000,00 за сметки за потрошена електрична енергија) |
| 2.1.2. | Изградба на нови системи на јавно осветлување |
| Опис на активности: | *Подготовка на проектна документација*<br>Проектната документација е законска обврска доколку на постојниот систем се приклучуваат нови линии и светилки.<br>Новите проекти треба да бидат исклучиво со ЛЕД светилки кои ќе имаат приклучок на постојните ормари за улично осветлување.<br><br>*Ново јавно осветлување*<br>Останува потребата осветлувањето да биде поврзано со изградбата на нови сообраќајници, нови зелени површини и пешачки зони кои се планираат за наредниот период, како и изградени јавни површини кои досега не биле соодветно осветлени.<br>Во 2024 година се планира поставување на ново улично осветлување на повеќе локации, меѓу кои се дворот на салата Партизан во Карпош 4, дел од улица Сливовска во Влае 2, паркинг и околина на Лондонска 10 во Тафталиџе 2, улица Борка Талески во УЗ В. Тасевски, како и други локации во урбаните заедници Бардовци, Карпош 2, Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо, Карпош 3, Кузман Јосифоски – Питу и Нерези. |
| Стратешки насоки и цели: | Осветлување на сите новоизградени површини, и останати неосветлени јавни површини |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | - Воспоставување на високоефикасно ЛЕД осветлување на јавните површини,<br>- Зголемување на безбедноста и стандардот на живеење на граѓаните на Карпош. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **10.000.000,00 денари** |
| 2.2. | **Активности од областа на енергетската ефикасност** |
| Опис на активности: | 1. **Поставување на Фотоволтаични системи на покривите на основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош**<br>Општина Карпош има за цел рационално и ефикасно користење на сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот и пренасочување на финансиските заштеди во подобрување на работата на основните училишта и детските градинки.<br>Евентуалната нова енергетска криза која може да донесе поскапување на нафтата, гасот, и особено на електричната енергија, но и стравот за недостиг на наведените ресурси, го става во преден план користењето на обновливи извори на енергија.<br>По изработка на соодветна проектно-техничка документација, Општината Карпош, во рамките на финансиските можности, планира да постави на фотоволтаичен систем на некој од објектите на основните училишта и детските градинки.<br>Придобивките од таа активност се повеќекратни, како од финансиски аспект, така и од аспект на заштита на животната средина.<br>**Вредност на инвестицијата: 3.000.000,00 денари (2.000.000,00 денари + 1.000.000,00 денари за кофинансирање)**<br><br>2. **Замена на котелскиот систем за греење на** |

| | |
|---|---|
| | **нафта во ООУ „Аврам Писевски“ со систем на ОИЕ –термални пумпи воздух/вода**<br>Ова е последниот систем на фосилно гориво во Општината и со изработениот проект во 2021 година се предвидува негова замена со термални пумпи воздух/вода во високо температурен режим ($55^0$C) на греење со постојниот радијаторски систем во објектот.<br>Ваквиот систем ќе овозможи и ладење во летниот период во режим 12-17 $^0$C преку радијаторскиот систем во овие простории кои се користат во летниот период.<br>Спроведувањето на проектот се планира да се добие преку аплицирање по јавен повик на некоја од странските донаторски организации.<br>**Без фискални импликации**<br><br>3. **Замена на нисконапонски табли, осигурувачи и инсталација во ООУ „Војдан Чернодрински“, УЗ Владо Тасевски**<br>Во ова основно училиште од безбедносни причини треба да се заменат старите дотраени табли со топливи осигурувачи и инсталации кои во сегашни услови се закана за безбедноста на сите корисници, вклучително и учениците. Оваа потреба е утврдена и од извршениот технички преглед и периодични испитувања на нисконапонските електрични инсталации изведени од лиценцирана фирма, со чиј извештај се препорачува оваа активност.<br>**Вредност на инвестицијата 500.000,00 денари**<br><br>4. **Изработка на Енергетски пасоши за сите јавни објекти во надлежност на општината.**<br>Општина Карпош направи реконструкции со мерки за ЕЕ на сите 10 основни училишта и 12 објекти на градинките на територија на општината. |

| | |
|---|---|
| | Во 2012 год. за сите училишта се направени банери со енергетски карактеристики согласно тогашната состојба на објектите.<br>Општината има обврска со новиот Закон за ЕЕ и Правилникот за Енергетски карактеристики на објектите да изработи „Енергетски пасоши“ за сите објекти кои ќе бидат врамени и истакнати на влезот на секој објект.<br>Оваа обврска може да биде реализирана само преку лиценцираните фирми (вкупно 74) во Републиката.<br>**Без фискална импликација (средства од надворешен донатор)**<br><br>5. **Изработка на Техничка документација / Проект за замена на внатрешното осветлување во основните училишта и детски градинки во Општина Карпош со ново ЛЕД осветлување**<br>Оваа активност е предвидена согласно Програмата за енергетска ефикасност на Општина Карпош, Мерка 4 која се однесува на замена на светилки (флуо цевките) во работните простории (училници, канцеларии и простории за престој на деца од најмала возраст). Замената на стари неефикасни светилки (флуо цевки) во градинките и училиштата во надлежност на Општина Карпош е во согласност со Регулативата на Комисијата (ЕК) бр.244/2009, која ја спроведува Директивата |

| | |
|---|---|
| | 2005/32/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, според која старите и неефикасни светилки (флуо цевки) се исфрлаат од употреба поради стробоскопскиот ефект кои го предизвикуваат и е особено штетен за најмладата популација која престојува во градинките и училиштата.<br>Со замена на светилките во објектите во надлежност на општината ќе се придонесе за подобрување на комодитетот на осветлувањето и подобрување на условите на корисниците на просторот.<br><br>**Без фискални импликации (средства од надворешен донатор)**<br><br>**6. Учество во проектот „ComAct – Активности за намалување на енергетската сиромаштија прилагодени во заедницата“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија, спроведен од Хабитат - Македонија**<br>Општината Карпош е партнер во проектот „ComAct“ со кој ќе се воведуваат прилагодени мерки за намалување на енергетската сиромаштија во станбените згради.<br>Главна цел е да се овозможи скапите и најефикасни мерки за подобрување на енергетската ефикасност на објектот да бидат достапни и лесно да се управуваат од страна на заедниците кои се соочуваат со енергетска сиромаштија. |

| | |
|---|---|
| | **Без фискални импликации**<br><br>**7. Учество во проектот „EnergyMEASURES – Прилагодени мерки за енергетски ранливите домаќинства“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија, спроведен од Хабитат Македонија**<br>Општината Карпош е партнер во проектот „EnergyMEASURES“ кој се однесува на спроведување координирани програми за енергетска потрошувачка во која се вклучени домаќинства и посочување на структурните проблеми поврзани со енергетската сиромаштија.<br>За ублажување на енергетската сиромаштија најефективно и одржливо средство е намалувањето на потребата за електрична енергија, што вклучува подобрување на енергетските перформанси на живеалиштата и промовирање енергетски ефикасни навики кај ранливите домаќинства.<br>**Без фискални импликации**<br><br>**8. Учество во проектот „SUNRISE – Потрошувачи – производители на соларна енергија“, финансиран од програмата Европска Климатска Иницијатива – ЕУКИ, спроведуван од Хабитат Македонија**<br>Општината Карпош е партнер во проектот „SUNRISE“ кој има за цел зголемување на употребата на обновливи извори на енергија во станбениот сектор од страна на индивидуалните сопственици/станари следејќи го концептот на т.н. просјумери односно потрошувачи-производители.<br>**Без фискални импликации**<br><br>**9. Учество во проектот „TRANSIT – Транзиција кон одржлива иднина преку тренинг и** |

| | |
|---|---|
| | **едукација“,финансиран од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија, спроведен од Фондација за иновации и истражување – Малта (ФИР), во Македонија спроведуван од Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)**<br>Општина карпош е партнер во проектот „TRANSIT“ кој има за цел да обезбеди одржливи програми за обука и преквалификација за сегашните и идните генерации на мултидисциплинарен пристап во обновливите извори на енергија. Проектот ги опфаќа тековните потреби и најдобрите практики во образованието, обуката на кадри и примената на обновливите извори на енергија преку комуникација (прашалници, интервјуа, пракси во стопанството) со различни категории на заинтересирани страни.<br>**Без фискални импликации**<br><br>**10. Изработка на проектна документација за поставување на систем со фотоволтаици за сите објекти на детските градинки**<br><br>Општината Карпош се наоѓа во напредна фаза од процесот на поставување на фотоволтаични системи на објектите на основните училишта, односно од постоечките 10 основни училишта до крајот на тековната година во 7 училишта ќе има поставени од горенаведените системи. Со тоа, акцентот во наредниот период се префрла на објектите на детските градинки (12 објекти). Со цел квалитетна стручна подготовка на тој процес, како и евентуално аплицирање за финансиски средства кај странски и домашни донаторски организации и институции, потребно е да се изработи проектна документација која ќе послужи за постигнување на крајната цел од оваа област, а тоа е инсталирани фотоволтаични |

| | |
|---|---|
| | системи во сите јавни објекти во надлежност на Општината Карпош.<br>**Вредност на инвестицијата: 1.000.000,00 денари** |
| Стратешки насоки и цели: | Унапредување на енергетската ефикасност во областите кои се во надлежност на Општина Карпош |
| Очекувани резултати: | Намалување на трошоците преку намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија; подобар и поефективен увид на потрошувачката и постепено воведување на алтернативни (обновливи) извори на енергија. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **4.500.000,00 денари** |

Вкупна предвидена финансиска рамка:

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **147.700.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, од ставката Надомест за уредување на градежно земјиште.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2024 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за Екологија и енергетска ефикасност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на

Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-6974/3
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачје на Општина Карпош 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачје на Општина Карпош 2024 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-7175/2
Датум:09.10.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 275/19) Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

*ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА*

**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА**

Програмата содржи:

I. Просторот на уредување;
II. Обемот на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на секундарната инфраструктура;
IV. Извори на финансирање на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
V I. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
V II. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
X. Динамика за извршување на Програмата;

## I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош определено со ДУП.

*II. ОБЕМОТ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ*

*НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14,107/14 и 115/14 и 149/15), со тоа што Општина Карпош врши опремување на градежното земјиште со инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка согласно ДУП:

- изградба на сервисни и станбени улици и други површини;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Карпош
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

б)

објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

- изградба на секундарна водоводна мрежа;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа;

Уредувањето на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни и технички услови и материјални средства.

*IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2024 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Општина Карпош за 2024 година и ги опфаќа работите предвидени со програмите Ф1, Ф2, ФА, ФД, ГА, ГД, ВА,Ј6, Ј8, Ј9, ЈД, ЈИ,ЛА и НА како следува:

ПРИХОДИ

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ | 196.019.000,00 |
| 71 | | | | **Даночни приходи** | **188.781.000,00** |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 188.781.000,00 |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 188.781.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 129.781.000,00 |
| | | | 717116 | Комунална такса за јавно осветлување | 59.000.000,00 |
| 73 | | | | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 2.000.000,00 |
| | 733 | | | Продажба на земјиште И нематријални вложувања | 2.000.000,00 |
| | | 7331 | | Продажба на земјиште И нематријални вложувања | 2.000.000,00 |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект | 2.000.000,00 |
| 74 | | | | **Трансфери и даноци** | **5.238.000,00** |
| | 741 | | | Трансфери од други нивоа на власта | 5.238.000,00 |
| | | 7411 | | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 5.238.000,00 |
| | | | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 5.238.000,00 |

Овие приходи се распоредуваат на програмите и потпрограмите :

# П Р О Г Р А М А
# За урбано планирање на Општина Карпош

За

2024 година

Програмата за урбано планирање (Ф) се состои од следните подпрограми:

1. Ф.АО. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

   (капитални трошоци)

2. Г.ДО. ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

1. ФАО -ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)

РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНИ РАСХОДИ | 27.200.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 27.200.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 22.700.000,00 |
| | | 4829 | | Изградба на други објекти | 22.700.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти | 4.500.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти | 18.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **А) Изградба на водоводна мрежа и проекти** | |
| | | | | Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено надоместок за уредување на градежно земјиште | |
| | | | | Изградба на водоводна мрежа на ул.Козле 3 | |
| | | | | **Б) Изградба на фекална канализација со проекти** | |
| | | | | Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно замјиште | |
| | | | | Изградба на нова канализациона мрежа за 10та руска зграда во УЗ Тафталиџе 2 | |
| | | | | Изградба на нова канализациона мрежа на ул.1687 во н.м. Бардовци | |
| | | | | Изградба на нова канализациона мрежа за 9та руска зграда во УЗ Тафталиџе 2 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Итни интервенции на фекална и атмосферска канализација на територија на Општина Карпош | |
| | | | | Изградба на нова канализациона мрежа на ул.2 во н.м. Бардовци | |
| | | | | Изградба на фекална канализација на крак од ул.„Ванчо Мицков“ | |
| | | | | Изведба на приклучоци на канализациона мрежа на ул.Демир Трајко и ул.Козле 3 | |
| | | | | **В) Изградба на атмосферска канализација со проекти** | |
| | | | | Договорни обвски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно земјиште | |
| | | | | Изградба на нова атмосферска мрежа на ул.1687 во н.м. Бардовци | |
| | | | | Изградба на нова атмосферска мрежа на бул.Партизански Одреди бр.56 | |
| | | | | Изградба на атмосферска канализација на крак од ул.„Ванчо Мицков“ | |
| | | | | **Е) Изградба на пристапни патеки за** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **лица со посебни потреби** | |
| | | | | - На цела територија на Општината сите пешачки премини-рампи<br>- Општински објекти, училишта и градинки. | |
| | | | 482940 | **Надзор над изградбата** | **200.000,00** |
| | | | | Вршење стручен надзор над изградба и реконструкција на водоводни мрежи,фекални канализации,атмосферски канализации и топловодни мрежи на територија на Општина Карпош | |
| | 485 | | | **Други нефинансиски средства** | **4.500.000,00** |
| | | 4854 | | Нематријални средства | 4.500.000,00 |
| | | | 485420 | Надомест за одземен имот | 4.500.000,00 |

2. ГДО- ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 28.000.000,00 |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | | | | 28.000.000,00 |
| | 464 | | | Разни трансфери | 28.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 4649 | | Разни трансфери | 28.000.000,00 |
| | | | 464990 | Други трансфери<br>-фасади<br>-лифтови<br>-кровови | 19.700.000,00<br>4.000.000,00<br>4.000.000,00 |
| | | | | Вршење на стручен надзор на реконструкција на станбени објекти на територијата на општина Карпош | 300.000,00 |

# П Р О Г Р А М А
# За комунални дејности на Општина Карпош
# За 2024 година

Програма за комунални дејности се состои од следните Под-програми:

1. БАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)
2. ЕАО-КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА
3. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ

4. ЈДО- ИЗГРДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ
5. ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА
6. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
7. НАО-ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)
8. Н10-ОБРАЗОВАНИЕ

1. ВАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 12.300.000,00 |
| **48** | **Капитални расходи** | | | | 12.300.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 12.300.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 12.300.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти | 1.000.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 11.100.000,00 |
| | | | | -Реконструкција на кровна конструкција на ЈУОД“Орце Николов“ УЗ Карпош 3 | |
| | | | 482940 | Надзор на други објекти | 200.000,00 |

2. ЕАО-КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 52.300.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 52.300.000,00 |
| | 481 | | **Градежни објекти** | | 51.000.000,00 |
| | | 4812 | Градежни објекти | | 51.000.000,00 |
| | | 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти (изградба на општинска зграда) | | 51.000.000,00 |
| | | | Санација на објект на УЗ Влае 2 и УЗ Влае 1 | | |
| | 482 | | **Други градежни објекти** | | 1.300.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 1.300.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 1.300.000,00 |
| | | | | Вршење стручен надзор за изведување на завршните работи на административен објект на локалната самоуправа на Општина | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Карпош | |

3. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 10.500.000,00 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | 10.500.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 10.500.000,00 |
| | | 4243 | | Поправки и тековно одржување | 10.500.000,00 |
| | | | 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта<br>- Зимско одржување на улици и патишта (ЈП за државни патишта) | 1.048.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Одржување на улици и патишта од програмата за уредување на градежно земјиште | 5.952.000,00 |
| | | | | -Одржување на сообраќајници (собирни,сервисни,станбени и пешачки патеки) на територија на Општина Карпош во зимски услови за период од 2023-2024година | |
| | | | 424390 | Одржување на улици и проекти<br>- Крпење на ударни дупки, прокопи од програмата за уредување на градежно земјиште ( ЈП за државни патишта)<br>-Буџет на општината | 1.571.000,00<br>1.929.000,00 |
| | | | | -Асфалтирање на ударни дупки на јавни сообраќајни површини,сервисни и станбени улици,локални | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | патишта и санација на прекопи на територија на Општина Карпош | |

4.ЈДО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 25.819.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 25.819.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 25.819.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 25.819.000,00 |
| | | | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати (Агенција за државни патишта) | 2.619.000,00 |
| | | | | -Изградба на дел од улица Новопланирана 13 , ДУП Жданец - Нерези , 200 м1 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -Изградба на дел од улица Д,дел од ул.А (ул.Скупи) – позади Систина | |
| | | | | - Изградба на ул.Партизанска бр.56 | |
| | | | | -Изградба на дел од крак од ул.Козле 1 | |
| | | | | -Изградба на дел од улица кај џамија во Средно Нерези | |
| | | | | - Изградба на ул.2 ( позади детска градинка ) во Бардовци | |
| | | | | - Изградба на ул.1687 во Бардовци | |
| | | | | Изградба на дел од ул.„6“ (продолжение до Бахаш) во н.м. Бардовци | |
| | | | | Изградба на дел од крак од ул.„Ванчо Мицков“ | |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 23.000.000,00 |
| | | | | - Реконструкција(санација ) на постојна улична мрежа на улица.“Козле 4“ – УЗ Нерези | |
| | | | | -Реконструкција(рехабилитација) на дел од постојна улица .“Јуриј Гагарин“ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -Реконструкција на дел од улица која што води кон Хидрометеролошки завод | |
| | | | | -Интервенции на оштетени улици,тротоари,колско пешачки патеки и пешачки патеки во зелена површина на територија на Општина Карпош | |
| | | | | - Реконструкција на крак од ул.Марк Твен | |
| | | | | - Реконструкција на ул.Фјодор Достоевски | |
| | | | | - Реконструкција на дел од ул. 2 во Бардовци | |
| | | | | - Асфалтирање на ул.Трнодол | |
| | | | | -Реконструкција на крак од ул.Теодосиј Синаитски | |
| | | | | - Реконструкција на сервисна улица кај 8ми Септември | |
| | | | | -Реконструкција на дел од ул.Ловќенска 4 | |
| | | | | -Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на територија на Општина Карпош | |
| | | | | Реконструкција на крак од ул.„Ванчо Мицков “ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Реконструкција на три краци од ул.„6“ , три краци од ул.„10“ ,крак од ул.„14“ , крак од ул.„4“,крак од ул.„18“ и крак од ул.„8“ во н.м. Бардовци | |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти | 100.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000,00 |
| | | | | -Вршење стручен надзор над изградба,реконструкција и одржување на локални патишта,сервисни и станбени улици,паркиралишта ,тротоари,спортски игралишта,патеки и пристапни рампи на јавни површини на територија на Општина Карпош | |

5.ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА

РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 1.600.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 1.600.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 1.600.000,00 |
| | | 4829 | | Изградба на други објекти | 1.600.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти Изградба на паркиралишта, плоштади и платоа во Општина Карпош | 1.500.000,00 |
| | | | | Партерно уредување на ул.Московска (помеѓу пазарче и архив) | |
| | | | | Реконструкција на плато кај Педагошка | |
| | | | | Реконструкција на постојно партерно уредување на влез во ООУ “Петар Поп Арсов“ УЗ Карпош 4 , Општина Карпош | |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000,00 |
| | | | | -Вршење стручен надзор над | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | изградба,реконструкција и одржување на партерно уредување,плоштади,платоа | |

6. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 14.100.000,00 |
| 42 | | | Стоки и услуги | | 14.100.000,00 |
| 48 | | | | **Капитални расходи** | 14.100.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 14.100.000,00 |
| | | 4829 | | Поправки и одржување на други градби | 14.100.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други градби | 14.100.000,00 |
| | | | | Реконструкција на спортски и детски игралишта | |

7. НАО- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 2.200.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 2.200.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 2.200.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 2.200.000,00 |
| | | | 482910 | Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објект | 100.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 2.000.000,00 |
| | | | | -Итни интервенции за санација на кровови на објекти во надлежност на Општина Карпош | |
| | | | | Реконструкција на санитарни јазли и инсталации за довод и одвод во основни училишта и градинки и други објекти на територија на Општина Карпош | |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000,00 |
| | | | | -Вршење стручен надзор над реконструкција на основни училишта, реконструкција и изградба на градинки и други објекти на територија на Општина Карпош | |

9. Н10- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 22.000.000,00 |
| 42 | Капитални расходи | | | | 22.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 22.000.000,00 |
| | | 4242 | Одржување на згради | | 22.000.000,00 |
| | | 424210 | Одржување на згради<br>Оджување на училишните објекти<br>- ООУ Лазо Трповски<br>- ООУ Братство<br>- ООУ Владо Тасевски | | 22.000.000,00 |

Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.
По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Карпош.

## *V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ*

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

**в**) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на општината ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14,104/15, 192/16, 178/16 и Службен весник на Република Северна Македонија 122/21 ) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11 ,64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3)Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Карпош за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

2. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација” – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13 10/15 и 147/15,31/16 и Службен весникк на Република Северна Македонија 21/21)

Ј.П. „Водовод и канализација” - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Карпош.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

**Надоместок**

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Карпош за инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2024 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина и истата изнесува 33.352,оо денари/м$^2$.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

1. **Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни комуналии + пречистителна станица (1%) | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа-----------------------------------------1,5о%
- Фекална канализациона мрежа---------------------- 1,5о%

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

3. **Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од општината опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна

состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр.193/16 и 72/18), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (“Службен весник на РМ” бр. 60/12 ,29/15, 32/16, 114/16 и 211/20),Правилник за урбанистичко планирање ( Службен весник на Република северна Македонија број 225/20 и 219/21).

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална

вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат во соодност 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),
- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,
- други стредства,

кои се уплатуваат на сметка на Општина Карпош за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% општината за секундарната инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена секундарна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава ВИ, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.
- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.

- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.
- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П.”Водовод и канализација” и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П.”Водовод и канализација”. Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П.”Водовод и канализација”, како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.
- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје “Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11”), а изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината (согласно член 15 од Законот за Град Скопје “Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11”), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со инвеститорите.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

КОМПЛЕКС-1

ДЕЛ-1 (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: З 01, З 02, З 03, З 04, З 05, З 06, З 07, З 08, З 09, ЦС 15, Ј 01, Ј 02, Ј 03 и Ј 04, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Карпош.

КОМПЛЕКС-2

ДЕЛ-2- (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: СЗ 17, СЗ 19, СЗ 26, ССЗ 01, ССЗ 02 и дел ССИ 03 (по административните граници со Општина Бутел и Општина Чаир), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Карпош.

Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

## X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата наменети за финансирање на оваа програма.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведувањето на оваа Измена на Програмата надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Оваа Измена на Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во”Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 09-6974/4
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

за

**објавување Службена белешка за не усвојување Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година**

1.Се објавува Службена белешка за не усвојување Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година донесена од Претседателот на Совет на Општина Карпош по одржувањето на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-7175/3
Датум:09.10.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената предлог - точка на дневниот ред за работа на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на педесет и третата седница на 08 октомври 2024 година, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување – Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош - Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година, НЕ Е УСВОЕНА.

2. По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 7 членови на Советот, 2 членови на Советот гласале ПРОТИВ, 4 членови на Советот гласале ВОЗДРЖАНИ, врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година

**Број 09-6974/3**
**Датум 08.10.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

за

**објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-7175/4
Датум:09.10.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), како и врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Спортот за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2024, 2/2024, 3/2024 и 14/2024), Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

ПРОГРАМА

**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година**

| | 1. Училишни спортски игри Карпош 2024 |
|---|---|
| Опис на активности: | - Учениците од општинските основни училишта од |

V. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Спортот за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2024, 2/2024, 3/2024 и 14/2024), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување во точките со реден број 1 и реден број 2, на следниот начин:

- **1. Училишни спортски игри Карпош 2024,**
- **2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение**

VI. Во точка 1. **Училишни спортски игри Карпош 2024**, се менува делот предвидена финансиска рамка наместо 2.500.000,00 денари, се запишува 2.100.000,00 денари.

По изменувањето и дополнувањето точката 1. гласи

| | |
|---|---|
| | Општина Карпош ќе се натпреваруваат во разни спортски дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка (девојчиња), шах, тенис, ракомет, пинг понг, атлетски крос, фудбал на песок, одбојка на песок и други спортски активности, кои ќе ги организира Одделението за култура и спорт на Општина Карпош. Исто така се планираат и спортски натпревари по повод денови на Општина Карпош помеѓу училиштата, општините во градот Скопје и другите општини од Република Македонија, како и меѓународни натпревари со општини од градови на други држави.<br>- Проектот ќе го реализираат вработени во одделението за Култура и Спорт, професори по физичко и здравствено образование, суди од соодветните спортови, медицински лица и полиција. |
| Стратешки насоки и цели: | - Јакнење на менталното и физичкото здравје,<br>- Подобрување на локомоторниот апарат<br>- Зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај учениците спортисти<br>- Докажување на сопствениот талент. |
| Очекувани резултати: | - Натпреварувачка атмосфера,<br>- Социјализација (дружење и забава),<br>- Спортско однесување на учениците - навивачи за фер навивање на спортските терени.<br>- Зголемување и подобрување на моторните способности и индивидуалните те-та дејствија |
| Целна група: | Ученици од општинските основни училишта од |

| | |
|---|---|
| | подрачјето на Општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | 2.100.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |
| Трошоци | - Свечено отварање и затварање на игрите (балони, конфети, огномет, коктел и друго),<br>-Хонорари за спортски судии и делегати 500,00 денари по одигран натпревар на секој спортски судија и делегат поединечно во лигите фудбал, кошарка, ракомет и одбојка - девојчиња, како и за куп натпреварите и натпреварите во одбојка и фудбал на песок) и по повод денови на Општина Карпош,<br>- Наставници (500,00 денари за секој натпревар што ќе го водат својот училишен тим), за било кој спортски настан организиран од страна на Одделението за култура и спорт при Општина Карпош.<br>- Пехари, медали, статуетки, признанија,<br>- Спортска опрема (дресови, спортски гаќички) за ученици – натпреварувачи и професори, - Изнајмување на спортски терени (сала), - Разглас (озвучување), - Медицинско лице или итна медицинска помош,<br>- Награди за професорите (1 место 8.000,00 денари, 2 место 6.000,00 денари и 3 место 5.000,00 денари),<br>-Награда за најдобро прогласени поединци ученици спортисти во училишните лиги во организација на Општина Карпош (6.000,00 денари), |

| | |
|---|---|
| | - Наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија за првопласираните училишни тимови и најдобро прогласените спортисти поединци во спортските лиги (фудбал, кошарка, ракомет и одбојка девојчиња) заедно со професорите - тренери и вработени во Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пансион) |

VII. Во точка 2. **Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение**, се менува делот предвидена финансиска рамка наместо 900.000,00 денари, се запишува 925.000,00 денари.

По изменувањето и дополнувањето точката 2. гласи

| | **2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ќе ги опфати талентираните спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, кои со својот квалитет придонесуваат за промоција на општината и државата како на домашен така и на меѓународен план.<br>Огласот ќе ги опфати сите спортисти жители на Општина Карпош кои ќе постигнат индивидуални резултати односно кои ќе ѓи исполнат условите и критериумите од огласот.<br>Стипендијата се доделува во две категории, и тоа:<br>-Прва категорија 3.500,00 денари и<br>-Втора категорија 3.000,00 денари.<br>Ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија по |

| | |
|---|---|
| | негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија. Оваа комисија е составена од седум члена (четри члена од советот на општина Карпош и три члена од администрацијата на општината). |
| **Услови, критериуми и потребни документи** | Услови: Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење), потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во учебната 2024/25 година.<br>Критериуми:<br>Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичните национални спортски федерации и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2023 година до 31.08.2024 година:<br>- национално првенство, освоено индивидуално I место (3 бода);<br>- национално првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода);<br>- награда за индивидуални постигнување национален рекорд, прогласен за најдобар играч, стрелец, талент и слично) (3 бода) и<br>- репрезентативец на Македонија, да има учество на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кој противник бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од |

| | |
|---|---|
| | натпреварот), (3 бода).<br>- Ќе се признават резултати само доколку на натпреварите учествувале пет и повеќе клуба и да се наведат кој клубови учествувале во натпреварувањето и<br>- Сите постигнати резултати да се потврдат со записник или билтен од натпреварите. Доколку истите не се достават, комисијата ќе смета дека документацијата е некомплетна и истата ќе се смета за одбиена.<br><br>Останати успеси и резултати кои не се во согласност и организација со календарот на натпревари од национални спортски федерации, нема да се земат предвид.<br>Потребни документи:<br><br>- Биографија на спортистот,<br>- Потврда од клуб дека е нивен член (фотокопија од легитимација)<br>- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.09.2023 година до 31.08.2024 година, со записник или билтен од натпреварите. |
| Стратешки насоки и цели: | Афирмација и стимулирање за постигнување на подобри резултати на активни, млади и талентирани спортисти жители на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Постигнување на подобри резултати на млади и талентирани спортисти жители на Општина Карпош |
| **Целна група:** | Талентирани спортисти од VIII и IX одделение, жители на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 925.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Записник,<br>- Извештај,<br>- Одлука за избор на одобрените спортски стипендии,<br>- Решенија за исплата и<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

Во делот Вкупна предвидена финансиска рамка износот од 6.670.000,00 денари, се менува и сега гласи 6.295.000,00 денари.

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 6.295.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 6.295.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2024 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-6974/6
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7175/5**
**Датум:09.10.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
### за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 16/23), во точка II Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- **Во точка 1. Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“** во делот „ Предвидена финансиска рамка “ предвидениот износ од „200.000,00 денари“ се брише, на негово место не се запишува нов износ, поточно проектната активност од програмата нема финансиски импликации

По изменувањето и дополнувањето точката 1 гласи :

| 1. | Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“ |
|---|---|
| Опис на активности: | Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација.<br>Во групите кај што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните |

| | |
|---|---|
| | активности. |
| Стратешки насоки и цели: | Поради непостоење на предучлишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет “ во населбата Влае 1.<br>Во соработка со Министерството за труд и социјална политика Општина Карпош,е партнер и успешно го спроведува овој проект.<br>Целта на проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишните установи на деца Роми на восраст од 3 до 6 години ,инклузија на децата и нивна социјализација како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца. |
| Очекувани резултати: | ✓ Интегрирање во социјалниот живот<br>✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес<br>✓ Намалување на девијантните појави |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | Нема финансиски импликации<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | - Превоз и престој за 20 деца од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет “ во населбата Влае. |

| | |
|---|---|
| | |

- **Во точка 4. Парична помош за лица/семејства во социјален ризик ,лекување и поплава или пожар во делот** „Предвидена финансиска рамка“ предвидениот износ од „4.500.000,00 денари “ се брише и на негово место се запишува износот од „ 6.000.000, 00 денари “.

По изменувањето и дополнувањето точката 4 гласи :

| 4 | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик ,лекување и поплава или пожар** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-лица/семејства во состојба на социјален ризик<br>- лекување<br>-за поплава или пожар кои предизвикале поголема материјална штета во домот<br>За остварување на правото на паричен надомест согласно Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош,во прилог на барањето, потребно е да се достави соодветна документација .Покрај ова службите вршат увид увид во домот на барателот .<br>Поднесените барања ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош составена од советници и вработени во општинската администрација, а формирана од Градоначалникот.<br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br>- психо-социјална помош<br>-упатување во соодветна институција за остварување на нивните права |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик,<br>✓ Психо-социјална поддршка<br>✓ Поддршка за лекување<br>✓ Парична помош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик или помош за лекување и подобрување на здравствената состојба кај болните лица |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик и болни лица |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | 6.000.000,00 ден.<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства:<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик<br>-за лекување<br>-за поплава или пожар кои предизвикале поголема материјална штета во домот |

- **Во точка 5. Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош** во делот „ Предвидена финансика рамка “ предвидениот износ од „250.000,00 денари “ се брише и на негово место се запишува износот од „ 600.000, 00 денари “.

По изменувањето и дополнувањето точката 5 гласи :

| 5. | Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за остварување на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината преку Јавен повик објавен на веб страната на Општина Карпош.<br>За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат следните критериумите :<br>-Еднократна парична помош да се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош (што се утврдува со документ за лична идинтификација)<br>-На денот на поднесување на Барањето , новородончето да не е постаро од 90 дена<br>-Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од 60.000 денари<br>Ако едниот или двајцата родители се невработени , потребно е да достават потврда од Агенцијата за вработување на РСМ или друг документ со кој ќе се потврди тоа. |
| Стратешки насоки и цели: | Финансиска поддршка за семејствата.<br>Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата. |
| Очекувани резултати: | Поддршка на семејства |
| Целна група: | Лица/семејства кои ги исполнуваат утврдените |

| | |
|---|---|
| | критериуми |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | **600.000,00 ден.**<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | Еднократна парична помош во износ од 8.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми. |

- **Во точка 7. Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“** во делот„ Предвидена финансиска рамка “ предвидениот износ од „800.000,00 денари“ се брише и на негово место се запишува износот од „1.300.000, 00 денари “.

По изменувањето и дополнувањето точката 7 гласи :

| | |
|---|---|
| **7.** | **Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “** |
| **Опис на активности:** | Организирање на средба по повод „3 Декември “-денот на лицата со попреченост по тринаесетти пат.<br>По иницијатива на Градоначалникот, на средбата присуствуваат лица со попреченост од Општина Карпош.На средбата се споделуваат искуства, проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и се предлагаат можности за нивно решавање.<br>По тој повод се доделува еднократна парична помош на лицата со попреченост во согласност со Јавниот |

| | |
|---|---|
| | повик објавен на веб страната на Општина Карпош . |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Намалување на осаменоста лицата со попреченост<br>✓ Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација.<br>✓ Активности кои може да ги превземе општината со цел за подобрување на квалитетот на живеење, обезбедување и олеснување на нивното движење преку поставување на пристапни рампи.<br>✓ Разгледување на можност за нивно вработување.<br>✓ Делумно подобрување на здравствената состојба и рехабилитација |
| Очекувани резултати: | ✓ Вклучување на лицата со попреченост во социјалниот живот.<br>✓ Олеснување на животот и социјализација на семејствата кои имаат лица со попреченост.<br>✓ Ефектите од досегашните активности кои ги превземала општината (давање на психосоцијална поддршка, парична помош и помош во пакети со храна и корегирање и изградба на пристапни рампи пред индивидуалните и колективни станбени објекти ). |
| Целна група: | Лицата со попреченост:<br>- лица со физички хендикеп<br>- лица со оштетен вид(слепи и слабовидни)<br>-лица со оштетен слух(глуви и наглуви)<br>-интелектуално попречени лица |

| | |
|---|---|
| | -лица со попреченост во говорот<br>-аутистични деца<br>-лица со комбинирани пречки во развојот |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 1.300.000,00 ден.<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | -доделување на еднократна парична помош на лица со попреченост |

- Изменувањето и дополнувањето се врши и во точка II Проектни активности на начин што по точката 11, се додава нова точка 12. Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, со предвидени финансиски средства во износ од 200.000,00 денари.

Дополнетата нова точка 12 гласи :

| 12. | Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавната установа општинска детска градинка ,, Пролет “ |
|---|---|
| Опис на активности: | -Обновување на еколошки дидактички материјали за децата од предучилишната установа ,, Пролет “ |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата.<br>✓ Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | ✓ Поквалитетна воспитно-образовна работа.<br>✓ Подобрување на психо-физички развој на децата.<br>✓ Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување.<br>✓ Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување. |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст. |
| Реализатор: | Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 200.000,00 ден. |
| Трошоци: | Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи . |
| Овластување: | Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази |

- **Во Програмата, по точка 12 се додава нова точка 13. Одобрување финансиски средства за потребите на ЗП Карпош Скопје со предвидена финансиска рамка** во износ од „620.000,00 денари‘

По дополнувањето точката 13 гласи :

| 13. | Одобрување финансиски средства за потребите на ЗП Карпош Скопје |
|---|---|
| Опис на активности: | Финансиска поддршка за ЗП Карпош како дополнување до полната цена за купување на деловен простор |
| Стратешки насоки и цели: | Обезбедување на подобри услови за функционирање, работа,дружење и реализирање на различни активности на пензионерите од |

| | |
|---|---|
| | Општина Карпош |
| Очекувани резултати: | Активно и квалитетно минување на слободното време |
| Целна група: | Пензионери од територијата на Општина Карпош |
| Реализатор: | Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 620.000,00 ден. |
| Трошоци: | Финансиска помош како дополнување на средства за купување на деловен простор |

2. Во делот „Вкупна финансика рамка“ и во делот „III Финансирање“, предвидениот износ од „7.049.836,00 денари “ се брише и на негово место се запишува износот од „10.019.836,00 денари “.

3. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “ .

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година
## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

### I. Развојни приоритети и цели

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, кои треба да придонесат за унапредување на социоекономската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Карпош и тоа:

- Детска заштита – вклучување на сите деца во ЈУОДГ, унапредување на воспитно згрижувачката дејност и други активности;

-Парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и пожар или поплава во домот;

-Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик;

- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи ;

II ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

| 1. | Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“ |
|---|---|
| Опис на активности: | Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација.<br>Во групите кај што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните активности. |
| Стратешки насоки и цели: | Поради непостоење на предучлишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет “ во населбата Влае 1.<br>Во соработка со Министерството за труд и социјална политика Општина Карпош,е партнер и успешно го спроведува овој проект.<br>Целта на проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишните установи на деца Роми на восраст од 3 до 6 години ,инклузија на децата и нивна социјализација како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца. |
| Очекувани резултати: | ✓ Интегрирање во социјалниот живот |

| | |
|---|---|
| | ✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес<br>✓ Намалување на девијантните појави |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | **Нема финансиски импликации**<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | - Превоз и престој за 20 деца од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет “ во населбата Влае. |

| 2. | Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавните установи општински детски градинки |
|---|---|
| Опис на активности: | -Обновување на еколошки дидактички материјали за децата од предучилишните установи. |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата.<br>✓ Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување. |
| Очекувани резултати: | ✓ Поквалитетна воспитно-образовна работа.<br>✓ Подобрување на психо-физички развој на децата.<br>✓ Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување.<br>✓ Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување. |

| | |
|---|---|
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст. |
| Реализатор: | Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 300.000,оо ден. |
| Трошоци: | Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи - 300.000,оо ден. |
| Овластување: | Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази |

| 3. | ЧЛЕНСТВО на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) - Франкфурт, Германија |
|---|---|
| Опис на активности: | Општина Карпош е член на EHEDG (Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн) Веќе единаесет години е и членка на GHI (Global Harmonization Initiative). Како член на овие две Организација има можност да учествува на конференции, конгреси и манифестации од научен карактер од областа на безбедност на храната, нутриционизмот и здравјето . |
| Стратешки насоки и цели: | Одржување семинари и обуки со цел унапредување на активности од областа на безбедност на храната и нутриционизмот.. Објавување на публикации и научни и стручни трудови. Контакти со домашни и странски фирми со цел заедничка соработка. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | ✓ Унапредување на работата на ЈУОДГ од здравствен аспект.<br>✓ Промовирање на Општината во светски научни рамки. |
| Целна група: | Децата и граѓаните на Општина Карпош |
| Годишна членарина:<br>Реализатор : | **30.500,оо денари**<br>EHEDG (Европско тело за хигиенски инженеринг и дизајн - седиште во Франкфурт |
| Трошоци: | - Годишна членарина - **30.500,оо ден.** |

ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА, ЛИЦА/СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, ЗА ПОТЕШКО ЛЕКУВАЊЕ И ПОПЛАВА ИЛИ ПОЖАР

| 4 | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик ,лекување и поплава или пожар** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-лица/семејства во состојба на социјален ризик<br>- лекување<br>-за поплава или пожар кои предизвикале поголема материјална штета во домот<br>За остварување на правото на паричен надомест согласно Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош,во прилог на барањето, потребно е да се достави соодветна документација .Покрај ова службите вршат увид увид во домот на барателот .<br>Поднесените барања ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош составена од советници и вработени во општинската |

| | |
|---|---|
| | администрација, а формирана од Градоначалникот.<br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br>- психо-социјална помош<br>-упатување во соодветна институција за остварување на нивните права |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик,<br>✓ Психо-социјална поддршка<br>✓ Поддршка за лекување<br>✓ Парична помош |
| Очекувани резултати: | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик или помош за лекување и подобрување на здравствената состојба кај болните лица |
| Целна група: | Лица/семејства во социјален ризик и болни лица |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 6.000.000,оо ден.<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | Парична помош за лица/семејства:<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик<br>-за лекување<br>-за поплава или пожар кои предизвикале поголема материјална штета во домот |

| | |
|---|---|
| 5. | Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош |
| Опис на активности: | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за |

| | |
|---|---|
| | условите за остварување на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината преку Јавен повик објавен на веб страната на Општина Карпош.<br>За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат следните критериумите :<br>-Еднократна парична помош да се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош (што се утврдува со документ за лична идинтификација)<br>-На денот на поднесување на Барањето , новородончето да не е постаро од 90 дена<br>-Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од 60.000 денари<br>Ако едниот или двајцата родители се невработени , потребно е да достават потврда од Агенцијата за вработување на РСМ или друг документ со кој ќе се потврди тоа. |
| Стратешки насоки и цели: | Финансиска поддршка за семејствата.<br>Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата. |
| Очекувани резултати: | Поддршка на семејства |
| Целна група: | Лица/семејства кои ги исполнуваат утврдените критериуми |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 600.000,оо ден. |

| | |
|---|---|
| | Општина Карпош |
| Трошоци: | Еднократна парична помош во износ од 8.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми. |

## ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

| 6. | Хуманитарна акција -<br>„ Да бидеме хумани за нашите соседи “ |
|---|---|
| Опис на активности: | Хуманитарната акција „ Да бидеме хумани за нашите соседи“ веќе традиционално се организира од Општина Карпош два пати во годината.<br>Акцијата се организира :<br>- По повод Велигденските празници<br>- По повод роденденот на Општина Карпош- 3 ноември<br>Акцијата се реализира преку собирање на прехранбени и хигиенски производи донирани од општинската администрација, децата од основните училишта и предучилишните установи од Општина Карпош, граѓаните- преку донирање во Урбаните заедници и општествено одговорни компании.<br><br>По завршувањето, собраните производи се пакуваат и се доделуваат на лица/семејства во социјален ризик од Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Подобрување на социјалната состојба на лицата/семејства во социјален ризик<br>✓ Грижа за ризичните групи на граѓани<br>✓ Развивање на чувството за емпатија и хуманост уште од најмала возраст |
| Очекувани резултати: | Подобрување на состојбата на лицата/семејства во социјален ризик. |
| Целна група: | Лица/семејства во социјален ризик |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 30.000,оо ден<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | Вреќи за пакување<br>Трошоците се предвидени за две хуманитарни акции. |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

| | |
|---|---|
| **7.** | **Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “** |
| **Опис на активности:** | Организирање на средба по повод „3 Декември “-денот на лицата со попреченост по тринаесетти пат.<br>По иницијатива на Градоначалникот, на средбата присуствуваат лица со попреченост од Општина Карпош.На средбата се споделуваат искуства, проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и се предлагаат можности за нивно решавање. |

| | |
|---|---|
| | По тој повод се доделува еднократна парична помош на лицата со попреченост во согласност со Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош . |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Намалување на осаменоста лицата со попреченост<br>✓ Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација.<br>✓ Активности кои може да ги превземе општината со цел за подобрување на квалитетот на живеење, обезбедување и олеснување на нивното движење преку поставување на пристапни рампи.<br>✓ Разгледување на можност за нивно вработување.<br>✓ Делумно подобрување на здравствената состојба и рехабилитација |
| Очекувани резултати: | ✓ Вклучување на лицата со попреченост во социјалниот живот.<br>✓ Олеснување на животот и социјализација на семејствата кои имаат лица со попреченост.<br>✓ Ефектите од досегашните активности кои ги превземала општината (давање на психосоцијална поддршка, парична помош и помош во пакети со храна и корегирање и изградба на пристапни рампи пред индивидуалните и колективни станбени објекти ). |
| Целна група: | Лицата со попреченост:<br>- лица со физички хендикеп<br>- лица со оштетен вид(слепи и слабовидни) |

| | |
|---|---|
| | -лица со оштетен слух(глуви и наглуви)<br>-интелектуално попречени лица<br>-лица со попреченост во говорот<br>-аутистични деца<br>-лица со комбинирани пречки во развојот |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 1.300.000,оо ден.<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | -доделување на еднократна парична помош на лица со попреченост |

| 8. | Посета на Геронтолошкиот завод 13-ти Ноември, оддел „Мајка Тереза“ - Злокуќани |
|---|---|
| Опис на активности: | Посета на штитениците во старскиот дом со Градоначалникот и општинската администрација<br>Пригодна културно забавна програма организирана од дечиња од една општинска детска градинка.<br>Пригодни подароци за штитениците. |
| Стратешки насоки и цели: | Психо-социјална поддршка.<br>Грижа на општината за старите лица |
| Очекувани резултати: | Намалување на чувството на осаменост |
| Целна група: | Штитеници на Домот |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 30.000,оо денари<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | -лични пакети со кондиторски продукти за лицата |

| | |
|---|---|
| | сместени во домот |

| 9. | **Финансиска поддршка за проекти од областа на детската,социјалната и здравствената заштита** |
|---|---|
| Опис на активности: | Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита ( унапредување на предучилишниот воспитно-згрижувачки процес, поддршка за стари лица и маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош).<br><br>Постапката ќе се одвива преку објавување на оглас ,кој ќе биде отворен во текот на целата година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. Поднесените проекти ќе ги разгледува и одлучува Комисија составена од петмина советници од Советот и двајца вработени во администрацијата<br>Сите физички или правни лица , по реализација на проектните активности , должни се до Одделението за детска, социјална и здравствена заштита да достават извештај комплетиран со следниве докази за потрошени финаниски средства:<br>-административни и комуникациски трошоци<br>-превоз и акредитација<br>-материјали за работа<br>-хонорар со вклучен персонален данок |
| Стратешки насоки и цели: | - Унапредување на воспитно згрижувачкиот процес во предучилишните установи,<br>-Поддршка на стари лица, |

| | |
|---|---|
| | - Превентивни активности и ресоцијализација за маргинализираните категории на граѓани на Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Подобрување на квалитетот на живот на наведените категории на жители на Општина Карпош |
| Целна група: | Деца и вработени во предучилишни установи,<br>стари лица и маргинализирани групи на граѓани. |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 200 000,оо ден<br><br>Општина Карпош |
| Овластување: | Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази за поддршка на проекти од обласа на детската, социјалната и здравствената заштита |

| 10. | Месечен паричен надомест за осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест за лица вклучени во програмата за општинско корисна работа- ангажирање на воспитувачи и негователи со лиценца во предучилишните установи на територијата на Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Во рамки на програмата Општинско- корисна работа за 2023/2024 година, а во соработка со УНДП и АВРСМ , Општина Карпош преку Проектот „ Ангажман на лица ( воспитувачи и негователи со лиценца ) во предучилишните установи на територијата на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | ангажира, воспитувачи и негователи со лиценца. Вклучени се четирите градинки во кои ќе бидат ангажирани вкупно 8 лица ( воспитувачи и негователи со лиценца ), за 4 часа дневно во период од 3 месеци. |
| Стратешки насоки и цели: | Основна цел на проектот е подобрување на воспитно-образовниот и згрижувачкиот процес во предучилишните установи на територијата на Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Унапредување и подобрување на вопитно-образовниот процес и креирање на подобри услови за нега, престој исхрана и стимулирање на раниот детски развој во предучилишните установи |
| Целна група: | Деца згрижени во предучилишните установи на територијата на Општина Карпош. и невработени лица |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | **54.336,оо ден**<br>Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| 11. | **Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила.** |
| **Опис на активности:** | Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила.<br>Наменските возила можат да се користат за |

| | |
|---|---|
| | превоз на корисници, кои не се во можност, самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална, или друга административна услуга, заради:<br>-старост;<br>-болест;<br>-неможност или потешкотии, при самостојно движење;<br>-имаат потреба од придружник (негувател/личен асистент), врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услуги во домот, поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации. |
| Стратешки насоки и цели: | Основна цел на проектот е подобрување на квалитетот на живот и секојдневното функционирање на стари, болни лица и лица со попреченост |
| Очекувани резултати: | Креирање на подобри услови за живот и надминување на бариерите во секојдневното функционирање на старите, болни и изнемоштени лица и лицата со попреченост |
| Целна група: | -стари лица<br>-болни и изнемоштени лица<br>-лица со попреченост |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 655.000,оо ден |

| | |
|---|---|
| 12. | Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавната установа општинска |

| | детска градинка „ Пролет “ |
|---|---|
| Опис на активности: | -Обновување на еколошки дидактички материјали за децата од предучилишната установа „ Пролет “ |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата.<br>✓ Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување. |
| Очекувани резултати: | ✓ Поквалитетна воспитно-образовна работа.<br>✓ Подобрување на психо-физички развој на децата.<br>✓ Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување.<br>✓ Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување. |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст. |
| Реализатор: | Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 200.000,00 ден. |
| Трошоци: | Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи . |
| Овластување: | Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази |

| 13. | Одобрување финансиски средства за потребите на ЗП Карпош Скопје |
|---|---|
| Опис на активности: | Финансиска поддршка за ЗП Карпош како |

| | |
|---|---|
| | дополнување до полната цена за купување на деловен простор |
| Стратешки насоки и цели: | Обезбедување на подобри услови за функционирање,работа, дружење и реализирање на различни активности на пензионерите од Општина Карпош |
| Очекувани резултати: | Активно и квалитетно минување на слободното време |
| Целна група: | Пензионери од територијата на Општина Карпош |
| Реализатор: | Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 620.000,00 ден. |
| Трошоци: | Финансиска помош како дополнување на средства за купување на деловен простор |

| | |
|---|---|
| Вкупна сума | 10.019.836,00 денари |

Вкупна предвидена финансиска рамка:10.019.836,00 денари

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **10.019.836,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2024 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-6974/7
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош

(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7175/6**
**Датум:09.10.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 ), а во врска со Програмата за

активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 16/2023“), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2024 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Образованието за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.16/2023), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување во следните точки и на следниот начин:

- **Точка 1.„** Ужинки за учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош “ се врши на следниот начин; Се менува во делот на **Предвидена финансиска рамка** на предвидениот финансиски износ 3.700.000,00 (три милиони и седумстотини иљјади денари) се додаваат 2.300.000,00 (два милиони и триста иљади денари денари)“, врз основа на што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 6.000.000,00 (шест милиони) денари.
- **Точка 6.„**Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието“ Се менува во делот на **Предвидена финансиска рамка** на предвидениот финансиски износ 250.000,00 (двестапедесет иљади денари) се додаваат 500.000,00 (петстотини иљади денари)“ врз основа на што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 750.000,00 (седумстотини и педесет иљади денари ).
- **Точка 10.„**Цветно дефиле“ Се менува во делот на **Предвидена финансиска рамка** на предвидениот финансиски износ 100.000,00 (сто иљади денари, ) се додаваат 100.000,00 (сто иљади денари)“ врз основа на што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 200.000,00 (двеста иљади денари)
- **Точка 17.„** Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали“ Се менува во делот на **Предвидена финансиска рамка** на предвидениот финансиски износ 1.500.000,00 (еден милион и петтстотини иљади денари, ) се додаваат 5. 000.000,00 (пет милиони денари) и врз основа на

што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 6.500.000,00 (шест милиони и петтстотини илјади денари).

По изменувањата и дополнувањата на Програмата, предметните точки гласат:

| | |
|---|---|
| 1. | Ужинки за учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош<br>Реализатор: Општина Карпош |
| Опис на активности: | Во период јануари-јуни 2024 година, за учебната 2023/2024 и за периодот септември-декември 2024 година за учебната 2024/2025, Општина Карпош ќе субвенционира ужинки за учениците од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во висина од 50% од износот на месечниот надоместок. |
| Стратешки насоки и цели: | Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните општински училишта на територија на Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Финансиска помош за родителите на учениците |
| Целна група: | Ученици од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 3.700.000,00 се додаваат<br>2.300.000,00 вкупната финансиска рамка е 6.000.000,00 денари |
| Трошоци: | Набавка на ужинки согласно понуда од избран понудувач |

| | |
|---|---|
| 6. | Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието<br>Реализатор: Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| Опис на активности: | Доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимават со активности од областа образованието. Средствата ќе бидат наменети за поддршка за ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, учество како предавачи на стручни симпозиуми и конференции од областа на образованието и друг вид барања од областа на образованието, до 30.000,00 (триесет илјади) денари.<br>За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формира комисија составена од 5 (пет) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата која ќе ги разгледува апликациите.<br>Право на аплицирање имаат лица жители на Општина Карпош, кои реализираат активности од областа на образованието.<br>По реализирање на активноста лицето е должно да достави извештај до Одделението за образование за реализираната активност. Извештајот треба да содржи финансиска рамка со следниот опис:<br>-административни и комуникациски трошоци<br>- превоз и покана за учество, уплата за акредитација<br>- материјали за работа<br>- хонорар со вклучен персонален данок |
| Стратешки насоки и цели: | - Поддршка и стимулирање за постигнување на подобри резултати во образованието на лица од Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Подигнување на нивото за едукација на ученици, наставен кадар и поединци жители на Општина Карпош |
| Целна група: | Жители на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 250.000,00<br>500.000,00 вкупната финансиска рамка е<br>750.000.00 денари |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | Трошоци поврзани со финансиска поддршка |

| | |
|---|---|
| 10. | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош - „Цветно дефиле“<br>Реализатор: Општина Карпош |
| Опис на активности: | По повод денот на општината, ученици од основните училишта и деца од градинките на територија на Општина Карпош дефилираат од своите училишта и градинки до местото на одржување на настанот, со цветни додатоци и транспаренти.<br>На плоштадот во Општина Карпош се одржуваат музичките настапи на талентирани ученици, деца од градинките со музички, кореографски или актерски настапи.<br>Настанот го проследуваат градоначалникот со гостите од збратимените градови, како и ученици од сите основни училишта. |
| Стратешки насоки и цели: | Стимулирање на креативноста, дружење кај учениците и забава меѓу најмладите и промоција на младите таленти |
| Очекувани резултати: | -Развивање на другарството помеѓу децата<br>-заинтересираност за учество кај учениците.<br>- подигнување на нивото за сценски настап. |
| Целна група: | Децата од градинките и учениците од основните училишта од Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 100.000,00<br>100.000,00 вкупната финансиска рамка е 200.000.00 денари |
| Трошоци: | - Озвучување, декорација,<br>- Водител,<br>- Балони и бомбони за децата-учесници во „Цветно дефиле“ |
| 17. | Осовременување на наставата во општинските |

| | |
|---|---|
| | **основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали** |
| **Опис на активности** | Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија  и дидактички материјали |
| **Стратешки насоки и цели:** | Континуирано обновување на нагледните средтсва, лектирни изданија  и дидактички материјали во основните општински училишта |
| **Очекувани резултати:** | Поквалитетен воспитно-образовен процес<br>Стекнување на трајни знаења на учениците |
| **Целна група:** | Учениците и наставниците од општинските основни училишта на територија на општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка :** | 1.500.000,00<br>**5.000.000,00 вкупната финансиска рамка е 6.500.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | Набавка на нагледни средства и дидактички материјали за осовременување на наставата во општинските основни училишта |
| **Овластување:** | Обезбедубвање нагледни средства и дидактички материјали на училиштата преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2024 година. |

III.По

**измените и дополнувањата на програмата, вкупната предвидена финансиска рамка во износ од 14.605.000,00 денари** (четиринаесет милиони шестотини и пет илјади) денари, **се менува и гласи:**

**Вкупно предвидената финансиска рамка е: 22.505.000,00 дваесет и два милиони и петстотини и пет илјади денари“.**

**По измените и дополнувањата на Програмата точка IV Финансирање гласи:**

## IV. Финансирање

Вкупна предвидена финансиска рамка: **22.505.000 дваесет и два милиони и петстотини и пет илјади денари“**

IV. Ова изменување и дополнување на Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-6974/8
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Програма за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

1. Се објавува Програма за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош, донесена на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7175/7**
**Датум:09.10.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2024), Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување на Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош

VIII. Во Програмата за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/2024), во точка II Проектни активности се врши изменување во делот Предвидена финансиска рамка, предвидениот износ од 2.000.000,00 (два милиони) денари се брише и на негово место се запишува износот од 3.500.000,00 (три ипол милиони) денари.

По изменувањето точката II Проектни активности, гласи:

### II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | 1.1 Пуштање во употреба на нови инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Карпош.<br>1.2 Организирање на трибина, дебата или тркалезна маса на актуелна тема.<br>1.3 Културно-забавни активности:<br>– организирање на музички концерт;<br>– изложба на слики<br>– изложба на фотографии, и<br>– изложба на акварели.<br>1.4 Спортски активности: |

| | |
|---|---|
| | – организирање на спортски натпревари;<br>– ревијален натпревар во кошарка со екипи од збратимените општини;<br>– промоција на талентираните спортисти, и<br>– училишни спортски игри.<br>1.5 Манифестации што ќе се организираат од основните училишта во општина Карпош.<br>1.6 Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“ (собирање на хуманитарна помош за најзагрозените семејства на територијата на општина Карпош);<br>– цветен собир – цветно дефиле;<br>– литературен конкурс;<br>– квиз;<br>– изложба од конкурсот за најдобра фотографија на учениците од основните училишта, и<br>– доделување на стипендии за талентирани ученици од основното образование на подрачјето на општина Карпош.<br>1.7 Крводарителска акција.<br>1.8 Свечена академија<br>– протоколарен дел, и<br>– доделување на плакети за заслужни граѓани на општина Карпош.<br>1.9 Организирани содржини од туристички, културен и забавен карактер за гостите од збратимените и пријателските општини: Општина Тиват – Црна Гора, Општина Нови Београд, Општина Сремски Карловци, Општина Врњачка Бања – Република Србија, Општина Тријадица – Република Бугарија, Општина Стари Град – Сараево, Општина Травник – Босна и Херцеговина, Флори-сур-Орн (Долна Нормандија) – Франција и Лапта, Турска Република Северен Кипар |

| | |
|---|---|
| | |
| Стратешки насоки и цели: | Достојно одбележување на годишнината од формирањето на Општина Карпош, како и промоција на можностите и резултатите пред домашни гости и гости од странство. |
| Очекувани резултати: | – Афирмација на општината, размена на искуства помеѓу општина Карпош и збратимените и пријателските општини;<br>– Презентација на општина Карпош преку разновидни манифестации и настани. |
| Целна група: | Граѓани на општина Карпош и збратимени и пријателски општини. |
| Предвидена финансиска рамка: | 3.500.000,00 денари |

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 3.500.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2024 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за поддршка на Градоначалникот, со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно

имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-6974/9
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година, донесен на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-7175/8
Датум:09.10.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18,64/18 и 168/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20, 227/22 и 111/23) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20 и 150/22), а во врска со Програмата предложена од_Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година и Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

## ПРАВИЛНИК

**за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година**

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година бр.09-8254/1 од 05.12.2023 година, 09-8254/21 од 26.12.2023 година, 0-8254/23 од 29.12.2023 година, 09-26/1 од 03.01.2024 година и 09-26/13 од 04.01.2024 година, на начин што во член 1, став 2 се брише износот 3.000.000,00 (три милиони) денари, а на негово место се запишува износот 4.000.000,00 (четири милиони) денари.

### Член 2

Во останатиот дел, Правилникот останува непроменет.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6974/10
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18,64/18 и 168/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20, 227/22 и 111/23) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20 и 150/22), а во врска со Програмата предложена од Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година и Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година
## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

### Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2024 година.

Вкупниот износ на финансиската поддршка за кровни покривачи (згради и куќи) изнесува 4.000.000,00 (четири милиони) денари.

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, преку Програмата предложена од Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за

доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош

**Член 2**

Корисници на финансиската поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување и сопственици на индивидуални станбени објекти (куќи) (во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални објекти (куќи) во Општина Карпош, преку:
- пополнување на апликација
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

НАПОМЕНА: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА, ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 1 ОД ОВАА ОДЛУКА.

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 4**

**Општи услови** кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на субвенцијата:

- **За станбени згради за колективно домување:**

1. Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.
- Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фирмата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.
2. Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите или листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности. Имотните листови да се доставaт во оригинал или нотарски заверена копија.
- Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист/листови со кој се докажува сопственоста на секој стан засебно или да достави листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

1. Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци). Имотните листови да се доставaт во оригинал или нотарски заверена копија.

**Член 5**

**Посебните услови** кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

- **За колективни станбени објекти:**

1. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена
2. Станбените згради за колективно домување да се постари од 25 години
3. Доказ за старост на колективниот станбен објект се потрврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците).
4. Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус еден сопственик), да е архивски заверена.
   3.1.Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.

4. Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач.

Одлуката се доставува во оригинален примерок и истата е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

1. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена
2. Носителот на Апликацијата да е носител на правото на сопственост врз објектот за кој се аплицира
3. Индивидуалните станбени објекти (куќи) да имаат постоечки азбестен кровен покривач
4. Изјава од сопстникот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена)

5. Сопственикот на индивидуалниот станбен објект да достави Договор со Изведувачот за замената на азбестниот кровен покривач.

✓ **Забелешка 1:** Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни, Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач доставува Изјава заверена на нотар дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа

✓ **Забелешка 2:** Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни, сопственикот на индивидуалниот станбен објект има обврска да достави до Комисијата Договор за изведен надзор над изведбата за замена на азбесетен кровен покривач. Договорот се доставува во оригинал или нотарски заверена копија.

✓ **Забелешка 3:** Документите се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија.

НАПОМЕНА: **Апликантите мора прво да добијат писмено известување дека се потенцијални корисници, потоа да почнат со промена на кровниот покривач.**

### Висина на субвенционирање

### Член 6

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош за 2024 година, Програма предложена од_Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош,по принципот прв дојден-прв услужен до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, за таа намена, со тоа што финансирањето во однос на замената на кровните покривачи ќе биде извршена во целост од сопственикот на објектот, а субвенционирано од страна на Општина Карпош, во висина од:

- **За колективни станбени објекти:**

- <u>најмногу до 50%, но не повеќе од 350.000,00</u> денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санација на кровен покривач за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 50% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлуки дефинирани во член 5 од овој Правилник.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

- <u>најмогу до 60%, но не повеќе од 120.000,00</u>, денари од вкупниот износ на вредноста на замената на азбестниот кровен покривач за секоја одобрена апликација.
Сопствениците на индивидуалните станбени објекти (куќи) ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 40% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Изјави заверени на нотар, дефинирани во член 5 од овој Правилник.

## Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето

### Член 7

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник, во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.

### Член 8

Доколу апликантот се одлучи да го промени стариот кровен покривач со користење на субвенција од Општина Карпош, **се обврзува да користи исклучиво бел или сив (силвер) лим за кровен покривач.**

### Член 9

Постапката за субвенционирање ќе се одвива во 2 (две) фази.

- **За колективни станбени објекти:**

**Првата фаза** се состои од достава на следните документи:

- Пополнета Апликација – образец, потпишан од станбен управител
- Решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.
- Имотен лист оригинал или нотарски заверена копија, не постар 6 месеци за секој стан засебно или листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности
- Доказ за старост на колективниот станбен објект
- Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач
- Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач.
- Фотографии од постоечката состојба

НАПОМЕНА: ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.

**Втората фаза** се состои од достава на следните документи:

- Завршна ситуација со спецификација (фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот)
- Извештај од надзор
- Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

**Првата фаза** се состои од достава на следните документи:

- Пополнета Апликација – образец, потпишан од сопственикот на индивидуален станбен објект (куќа)
- Изјава од сопствникот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена)

- Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци), во оригинал или нотарски заверена копија.
- Договор со Изведувачот
- Фотографии од постоечката состојба

НАПОМЕНА: ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.

Втората фаза се состои од достава на следните документи:
- Изјава од изведувач за завршена работа заверена од нивна страна ж
- Фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот
- Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

**Член 10**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровен покривач на станбени згради за колективно домување и замена на азбестен кровен покривач на индивидуални станбени објекти (куќи) ќе ги содржи следните елементи:
- опис на објектите за колективно домување/индивидуален станбен објект за кои што сопствениците можат да аплицираат,
- висина на процентот на субвенционирање,
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник.
Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, за предметната намена.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**

## Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати

## Член 11

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија од 10 члена од кои еден е претседател, еден потпретседател, еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, а останатите се членови и заменици членови на комисијата. Комисијата доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува Записник. Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник. Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

НАПОМЕНА: Апликантите се должни во прилог на Апликацијата да ги достават сите документи наведени во Јавниот повик. Доколку Апликацијата не е комплетна ќе бидат писмено известени за дополнување на истата во рок не подолго од 10 (десет) дена за индивидуални станбени објекти (куќи) и не подолго од 20 (дваесет) дена за станбени објекти, во спротивно Апликацијата ќе биде одбиена.

## Потпишување на договор за субвенционирање

## Член 12

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и за замена на азбестни кровни покривачи во индивидуални станбени објекти (куќи), а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик, Јавниот повик и Извештајот на Комисијата, Градоначалникот на Општина

Карпош или овластен раководен службеник потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се врши:

- За колективни станбени згради:

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган.

Општина Карпош ќе ги префрли одобрените средства на жиро сметка за резервен фонд на колективниот станбен објект

- За индивидуален станбен објект (куќа):

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни и/или

- по достава на Изјава од Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни.

Во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управител на зградата или сопственикот на индивидуалниот станбен објект (куќа), ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува:

- 50%, но не повеќе од 350.000,00 денари за поправка и санација на кровни покривачи во колективни станбени објекти, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник и

- најмногу до 60%, но не повеќе од 120.000,00 денари за замена на азбестен кровен покривач, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник.

**Напомена:** Ви напоменуваме дека отстранувањето и одложувањето на азбест- цементните плочи и останатиот градежен шут да биде согласно постоечките законски прописи.

### Завршни одредби

### Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6974/10
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Правилник за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година, донесен на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7175/9**
**Датум:09.10.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22и 111/23) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, и 64/18 и „Службен весник на Република Северна македонија“ бр.302/20 и 150/22), а во врска со Програмата од Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на стамбени згради за колективно домување во Општина Карпош на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година и Буџетот на Општина Карпош за 2024година, Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## за изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година бр.09-8254/1 од 05.12.2023 година, 09-8254/21 од 26.12.2023 година, 0-8254/23 од 29.12.2023 година, 09-26/1 од 03.01.2024 година и 09-26/12 од 04.01.2024 година, на начин што во член 1, став 2 се брише износот 3.000.000,00 (три милиони) денари, а на негово место се запишува износот 4.000.000,00 (четири милиони) денари.

### Член 2

Во останатиот дел, Правилникот останува непроменет.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6974/11
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22и 111/23) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, и 64/18 и „Службен весник на Република Северна македонија“ бр.302/20 и 150/22), а во врска со Програмата од Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на стамбени згради за колективно домување во Општина Карпош на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година и Буџетот на Општина Карпош за 2024година, Советот на Општина Карпош, на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

## ПРАВИЛНИК

**за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година**

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2024 година.

Вкупниот износ на финансиската поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови изнесува 4.000.000,00 (четири милиони) денари.

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, преку Програмата предложена од Комисија за објавување на Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на стамбени згради за колективно домување во Општина Карпош.

**Член 2**

Корисници на финансиската поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување (во понатамошниот текст: (Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, преку:

- пополнување на апликација
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

НАПОМЕНА 1: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА, ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 1 ОД ОВАА ОДЛУКА.

НАПОМЕНА 2: Во постапката за поставување нови лифтови, заедницата на сопственици е должна да ја обезбеди целокупната потребна документација, согласно позитивните законски прописи. (проекти, одобренија). Општината не ги субвенционира градежните работи.

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 4**

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на субвенцијата:

- ✓ Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител
- ✓ Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) – Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите (најмалку 50% плус 1 сопственик). Имотните листови да се доставаат во оригинал или нотарски заверена копија.

**Член 5**

Посебните услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

- Станбените згради за колективно домување да се постари од 25 години
- Доказот за старост на колективниот станбен објект се потврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на Купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците)
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на постоечкиот лифт или поставување нов лифт и дека се согласни да учествуваат со сопствени средства за дел од вкупниот износ за санација-поправка на постоечки лифт или поставување нов лифт (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус 1 сопственик)
- Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.

Одлуките се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија и истите е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

- Договор со Изведувач во оригинал или нотарски заверена копија.
- Договор со Надзор во оригинал или нотарски заверена копија.

НАПОМЕНА: Доколку се работи за поставување на нов лифт, потребно е да се достави решение за градба од органот.

**Висина на субвенционирање**

**Член 6**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош за 2024 година, Програма предложена од Комисија за објавување на Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на стамбени згради за колективно домување во Општина Карпош, по принципот прв дојден-прв услужен, до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година за таа намена, во висина од:

- најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000,00 денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и/или санацијата на постоечкиот лифт или поставување нов лифт.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 50% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлука дефинирана во член 5 од овој Правилник.

**Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето**

**Член 7**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник, во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.

**Член 8**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување за кои што станарите можат да аплицираат,
- процентот на учество на корисниците кои сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства.
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник.

Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година за предметната намена.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**

**Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати**

**Член 9**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија од 10 члена од кои еден е претседател, еден потпреседател и еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, останатите се членови и заменици членови на комисијата. Комисијата доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува Записник. Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник.

Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

**Член 10**

Листата на потенцијалните корисници се објавува на веб страната на Општината и на огласната табла на Општината, а се доставува и известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување.

Сите апликанти имаат право по објавата на потенцијалните корисници на субвенцијата да вршат увид во доставената документација и повлекување на истата.

Оваа листа има важност во тековната 2024 година, од денот на објавувањето, односно се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

**Потпишување на договор за субвенционирање**

**Член 11**

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување, а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик, Јавниот повик и Извештајот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Карпош или овластен раководен службеник, потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Сертификат за техничка исправност на лифт во Општина Карпош, односно по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган, на сметката за резервен фонд на колективниот станбен објект.

Во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управител на зградата ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000,00 денари за поправка и санација на лифтови.

Завршни одредби
Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6974/11
Датум 08.10.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, донесено на педесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 октомври 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7175/10** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:09.10.2024 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 29,став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) , Советот на Општина Карпош на педесет и третата седница, одржана на 08 октомври 2024 година, донесе

# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. Општи дел

Буџетот на Општина Карпош за 2024 година се состои од

| | | |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **1.279.023.000** | **1.410.926.000** |
| Даночни приходи | 512.914.000 | 603.267.000 |
| Неданочни приходи | 85.958.000 | 94.344.000 |
| Капитални приходи | 14.150.000 | 14.150.000 |
| Приходи од дотации | 590.081.000 | 628.081.000 |
| Приходи од трансфери | 40.962.000 | 39.866.000 |
| Приходи од донации | 34.958.000 | 31.218.000 |
| **II. Вкупни расходи** | **1.259.951.000** | **1.413.292.000** |
| Од утврдени намени | 1.259.751.000 | 1.413.092.000 |
| Расходи од резерви | 200.000 | 200.000 |
| **III.Суфицит** | **19.072.000** | **-2.366.000** |
| **IV.Финансирање** | **-19.072.000** | **2.366.000** |
| **Прилив** | **20.428.000** | **41.266.000** |
| Домашни приливи | 0 | 0 |
| Приливи од странски заеми | 0 | 0 |
| Депозити | 20.428.000 | 41.266.000 |
| **Одлив** | **39.500.000** | **38.900.000** |
| Отплата на главница | 39.500.000 | 38.900.000 |

### Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

# BILANS NA PRIHODI - rebalans

## Nivo na: Potstavka

| | | 594.236.000 | 707.331.000 | 73.958.000 | 79.344.000 | 596.299.000 | 634.299.000 | 34.958.000 | 31.218.000 | 0 | 0 | 1.299.451.000 | 1.452.192.000 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Kategorija Stavka | O P I S | Buxetski prihodi | | Prihodi od samofinansira~ki aktivnosti | | Prihodi od dotacii | | Prihodi od donacii | | Prihodi od krediti | | **Vkupni prihodi** | |
| | | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans |
| **71** | **DANO^NI PRIHODI** | **512.914.000** | **603.267.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **512.914.000** | **603.267.000** |
| 711 | Danok od dohod, od dobivka i od kapitalni dobivki | 35.650.000 | 42.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.650.000 | 42.250.000 |
| 711111 | Danok na plati na vraboteni lica kaj korisnicite i ed | 7.000.000 | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 | 8.000.000 |
| 711112 | Danok na plati na vraboteni lica vo trgovski dru{tva | 26.000.000 | 26.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26.000.000 | 26.000.000 |
| 711114 | Danok na plati ostvareni vo stranstvo | 400.000 | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 6.000.000 |
| 711133 | Danok na dohod od fizi~ki lica koi se zanimavaat so z | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 1.500.000 |
| 711139 | Danok na dohod na Prihodi od zanaet~iska dejnost spor | 700.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 | 700.000 |
| 711140 | Kamata za nenavremeno pla}awe na personalen Danok r | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 50.000 |
| 713 | Danoci na imot | 213.700.000 | 213.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 213.700.000 | 213.700.000 |
| 713111 | Danok na imot od fizicki lica | 52.000.000 | 52.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.000.000 | 52.000.000 |
| 713112 | Danok na imot po povisoka stapka | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 713113 | Danok na imot od pravni lica | 20.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 | 20.000.000 |
| 713114 | Danok na imot od fizicki lica naplaten po prisilen p | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 713211 | Danok na nasledstvo i podarok | 12.000.000 | 12.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000.000 | 12.000.000 |
| 713311 | Danok na promet na nedvi`nosti | 64.000.000 | 64.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64.000.000 | 64.000.000 |
| 713312 | Danok na promet na nedvi`nosti po povisoka stapka | 64.000.000 | 64.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64.000.000 | 64.000.000 |
| 713512 | Kamata za nenavremeno pla}awe na Danokot na imot | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 1.500.000 |
| 717 | Danoci na specifi~ni uslugi | 263.264.000 | 347.017.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 263.264.000 | 347.017.000 |
| 717111 | Komunalna Taksa za privremen prestoj | 64.000 | 64.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64.000 | 64.000 |
| 717112 | Komunalna Taksa za istaknuvawe na firma, odnosno na | 7.000.000 | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 | 7.000.000 |
| 717115 | Komunalna Taksa za koristewe na ulici so patni~ki, t | 5.000.000 | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 7.000.000 |
| 717116 | Komunalna Taksa za koristewe i odr`uvawe na javno o | 57.000.000 | 59.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.000.000 | 59.000.000 |
| 717129 | Drugi komunalni Taksi | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 50.000 |
| 717131 | Komunalna Taksa za koristewe na prostorot pred delo | 3.000.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 3.500.000 |
| 717136 | Komunalna Taksa za koristewe na prostorot za parkira | 1.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 717137 | Nadomest za ureduvawe na grade`no zemji{te | 190.000.000 | 269.253.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000.000 | 269.253.000 |
| 717140 | Kamata za nenavremeno pla}awe na komunalni Taksi ko | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| 718 | Taksi na koristewe ili dozvoli za vr{ewe na dejnost | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 300.000 |
| 718134 | Nadomest za upravuvawe so otpad na op{tinata, odnosn | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 300.000 |
| **72** | **NEDANO^NI PRIHODI** | **12.000.000** | **15.000.000** | **73.958.000** | **79.344.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **85.958.000** | **94.344.000** |
| 722 | Globi, sudski i administrativni taksi | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 722315 | Administrativni Taksi koi se pla}aat za spisite i dej | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 723 Taksi i nadomestoci | 4.000.000 | 4.000.000 | 73.838.000 | 79.224.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 77.838.000 | 83.224.000 |
| 723111 celodnevna i pret{kolska gri`a | 0 | 0 | 52.836.000 | 58.222.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.836.000 | 58.222.000 |
| 723119 Drugi pomo{ni aktivnosti vo obrazovanieto | 0 | 0 | 1.465.000 | 1.465.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.465.000 | 1.465.000 |
| 723911 Zakupnina od objekti | 4.000.000 | 4.000.000 | 19.537.000 | 19.537.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.537.000 | 23.537.000 |
| 725 Drugi nedano~ni prihodi | 6.000.000 | 9.000.000 | 120.000 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.120.000 | 9.120.000 |
| 725922 Prihodi od osiguruvawe na imot | 0 | 0 | 70.000 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 | 70.000 |
| 725939 Ostanati nedano~ni Prihodi | 6.000.000 | 9.000.000 | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.050.000 | 9.050.000 |
| **73 KAPITALNI PRIHODI** | **14.150.000** | **14.150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **14.150.000** | **14.150.000** |
| 733 Proda`ba na zemji[te i nematerijalni vlo`uvawa | 14.150.000 | 14.150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.150.000 | 14.150.000 |
| 733111 Prihodi od proda`ba na neizgradeno grade`no zamji{t | 12.000.000 | 12.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000.000 | 12.000.000 |
| 733115 Prihodi od zakup na zemjodelsko zemji{te vo sopstvenc | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 733131 Prihodi od Nadomest za dolgotraen zakup i vremen zak | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 50.000 |
| 733144 Nadomest za utvrduvanje na praven status na bespravno | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| **74 TRANSFERI I DONACII** | **55.172.000** | **74.914.000** | **0** | **0** | **596.299.000** | **634.299.000** | **34.958.000** | **31.218.000** | **0** | **0** | **686.429.000** | **740.431.000** |
| 741 Transferi od drugi nivoa na vlast | 55.172.000 | 74.914.000 | 0 | 0 | 596.299.000 | 634.299.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 651.471.000 | 709.213.000 |
| 741111 Tekovni transferi od drugi nivoa na vlast | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 741113 Transferi od buxetite na fondovite | 5.238.000 | 5.238.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.238.000 | 5.238.000 |
| 741114 Prenesen vi{ok na Prihodi od prethodnata godina | 14.210.000 | 35.048.000 | 0 | 0 | 6.218.000 | 6.218.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.428.000 | 41.266.000 |
| 741115 Dotacii na op{tinata, od Prihodi od ddv | 33.724.000 | 32.628.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.724.000 | 32.628.000 |
| 741120 Blok dotacii na op{tinata po oddelni nameni | 0 | 0 | 0 | 0 | 590.081.000 | 628.081.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 590.081.000 | 628.081.000 |
| 742 Donacii od stranstvo | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34.958.000 | 31.218.000 | 0 | 0 | 34.958.000 | 31.218.000 |
| 742119 Drugi op{ti i tekovni donacii | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34.958.000 | 31.218.000 | 0 | 0 | 34.958.000 | 31.218.000 |

# BILANS NA RASHODI - rebalans

## Nivo na: Potstavka

| Kategorija / Stavka / Potstavka | O P I S | Buxetski rashodi | | Rashodi od samofinansira~ki aktivnosti | | Rashodi od dotacii | | Rashodi od donacii | | Rashodi od krediti | | **Vkupni rashodi** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans |
| | | **594.236.000** | **707.331.000** | **73.958.000** | **79.344.000** | **596.299.000** | **634.299.000** | **34.958.000** | **31.218.000** | **0** | **0** | **1.299.451.000** | **1.452.192.000** |
| **40** | **PLATI I NADOMESTOCI** | **124.763.000** | **127.864.000** | **0** | **0** | **547.541.000** | **574.930.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **672.304.000** | **702.794.000** |
| 401 | Osnovni plati | 80.833.000 | 83.833.000 | 0 | 0 | 387.818.000 | 404.964.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 468.651.000 | 488.797.000 |
| 401110 | Osnovni plati - funkcioneri | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 1.500.000 |
| 401120 | Osnovni plati - dr`avni slu`benici | 64.000.000 | 67.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64.000.000 | 67.000.000 |
| 401130 | Osnovni plati - drugi vraboteni | 7.024.000 | 7.024.000 | 0 | 0 | 356.785.000 | 372.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 363.809.000 | 379.524.000 |
| 401310 | Personalen danok na dohod od plata | 6.807.000 | 6.807.000 | 0 | 0 | 29.069.000 | 30.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.876.000 | 37.307.000 |
| 401320 | Personalen danok na dohod od nadomestoci | 1.502.000 | 1.502.000 | 0 | 0 | 1.964.000 | 1.964.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.466.000 | 3.466.000 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 32.920.000 | 32.920.000 | 0 | 0 | 150.054.000 | 158.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 182.974.000 | 191.520.000 |
| 402110 | Osnovni pridonesi za PIO | 21.100.000 | 21.100.000 | 0 | 0 | 100.750.000 | 105.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 121.850.000 | 126.700.000 |
| 402210 | Osnovni pridonesi za zdravstvo | 9.260.000 | 9.260.000 | 0 | 0 | 40.193.000 | 42.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.453.000 | 51.560.000 |
| 402220 | Osnoven pridones za profesionalno zaboluvawe | 1.020.000 | 1.020.000 | 0 | 0 | 2.973.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.993.000 | 4.520.000 |
| 402310 | Osnovni prodonesi do Agencijata za vrabotuvawe | 1.540.000 | 1.540.000 | 0 | 0 | 6.138.000 | 7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.678.000 | 8.740.000 |
| 404 | Nadomestoci | 11.010.000 | 11.111.000 | 0 | 0 | 9.669.000 | 11.366.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.679.000 | 22.477.000 |
| 404110 | Nadomest za godi{en odmor | 4.010.000 | 4.011.000 | 0 | 0 | 9.669.000 | 11.366.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.679.000 | 15.377.000 |
| 404150 | Drugi nadomestoci | 7.000.000 | 7.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 | 7.100.000 |
| **41** | **REZERVI I NEDEFINIRANI RASHODI** | **200.000** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** | **200.000** |
| 412 | Postojana rezerva (nepredvidlivi rashodi) | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 50.000 |
